МАРИНА СТАНИСЛАВОВА
МАРИЈА БОГАТИНОВСКА



МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

УЧЕБНИК ЗА ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

3

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 3.

УЧЕБНИК ЗА ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ
ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 3.
учебник за трето одделение
во деветгодишното основно образование

Автори
Марина Станиславова
Марија Богатиновска

Рецензенти
Благојка Здравковска-Адамова
Виолета Петковска
Соња Трифуновска

Лектор
Билјана Радевска

Издавач
Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје

Стручна редакција
Орданка Мицкова

Уредник
Орданка Мицкова

Графичко и техничко уредување
Магдалена Аврамовска, Весна Депиновска – АРС СТУДИО

Место и година на издавање: Скопје, 2023 година

Со одлука за одобрување на учебникот по предметот Македонски јазик за трето одделение во деветогодишно основно образование, бр. 26-1905/1 од 13.07.2023 година донесена од Националната комисија за учебници.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:811.163.3(075.2)

СТАНИСЛАВОВА, Марина
Македонски јазик 3. [Електронски извор] : учебник за трето одделение во деветгодишното основно образование / [автори Марина Станиславова, Марија Богатиновска. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2023

Начин на пристапување (URL):
https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/Mak_jazik_3.pdf. - Текст во PDF формат, содржи 185 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 01.09.2023

ISBN 978-608-273-541-2

1. Богатиновска, Марија [автор]

COBISS.MK-ID 61404933

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 3.

УЧЕБНИК ЗА ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ
ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



ПРЕПИШИ



ОДГОВОРИ



ВЕЖБАЈ



РАЗМИСЛУВАЈ



НАПИШИ



ЧИТАЈ И ПИШУВАЈ



ПОТСЕТИ СЕ



ПРОЧИТАЈ



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ




ТВОРИ



РАБОТИ СО ДРУГАРЧЕ





Драг ученику, драга ученичке!

Пред тебе е новиот учебник по предметот Македонски јазик за трето одделение во деветгодишното основно образование. Овој учебник ќе те поттикне да размислуваш, да откриваш и да применуваш нови знаења, да донесуваш заклучоци и поуки, да истражуваш, твориш и да создаваш. Се надеваме дека ќе бидеш упорен/упорна, ќе работиш вредно и истрајно и со леснотија ќе ги усвоиш предвидените теми, содржини и поими за трето одделение по предметот Македонски јазик. Низ страниците во учебников ќе се запознаеш со многу ликови, места и случки, проткаени низ разновидни текстови и песни, ќе научиш да читаш и да пишуваш и со латинично писмо, ќе научиш нови поими од македонскиот јазик, а ќе осознаеш и многу интересни и корисни работи за паметните уреди и за медиумската писменост.

Ти посакуваме успех!

Од авторките на учебникот

СОДРЖИНА

СЕПТЕМВРИ РАДОСТ НОСИ 12
ОСМИ СЕПТЕМВРИ 12
КОКО РОКО И ПРАСКАТА 13
ИЗГОВОР И ПОДЕЛБА НА ЗБОРОВИТЕ НА СЛОГОВИ 15
ПРЕНЕСУВАЊЕ ДЕЛ ОД ЗБОРОТ ОД ЕДЕН РЕД ВО ДРУГ 17
ГРАДОВИТЕ МАКЕДОНСКИ 19
РОДНА КУЌА 20
ЕСЕН, МИЛА, ПЛОДОРОДНА 21
РЕЧЕНИЦИ 22
РЕДОТ НА ЗБОРОВИТЕ ВО РЕЧЕНИЦАТА 23
РЕДЕНИЦА-РЕЧЕНИЦА 25
ЕДИНАЕСЕТТИ ОКТОМВРИ 26

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА 27
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Mm, Ii 28
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Tt, Nn 29
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Ss, Vv 30
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Dd, Pp 31
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Bb, Rr 33
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Ll, Uu 33
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Gg, Zz 34
ВЕЖБИ СО ЛАТИНИЦА 35
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Žž, Šš 36
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Cc, Čč 37
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Lj lj, Nj nj 38
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Ff, Hh 39
ВЕЖБИ СО ЛАТИНИЦА 40
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Dz dz, Dž dž 41
УЧИМЕ ЛАТИНИЦА Ǵ ǵ 42
ЗАБАВНА ЛАТИНИЦА 43
БУКВАТА Х НА ЛАТИНИЦА 44
СТИХОВИ ЗА КНИГАТА 45
ЖИВА РЕКА ВО БИБЛИОТЕКА 46
ПЕСНА ЗА СКОПЈЕ 48
БРЕЗА И ДАБ 49

ВИДОВИ РЕЧЕНИЦИ СПОРЕД ЗНАЧЕЊЕТО 51
РАСКАЗНИ РЕЧЕНИЦИ 52
ПРАШАЛНИ РЕЧЕНИЦИ 53
ИЗВИЧНИ РЕЧЕНИЦИ 55
ГЛУВЦИТЕ НА СОБИР 57
ЗЛАТНИОТ КЛУЧ 58
ПОДАРОК И БАКНЕЖ 59
ШТО СЕ СЛУЧУВА ВО ТРЕТО ДВА? 63
КОЈ ТЕКСТ КАКОВ Е? 62
ОПИШУВАЊЕ 64
БОИТЕ НА ЕСЕНТА 66
РАЗЛИЧНИ, А СЕПАК ИСТИ 68
ПОТВРДНИ И ОДРЕЧНИ РЕЧЕНИЦИ 70
ВООБРАЗЕНАТА ТОЧКА 71
ДВЕ ТОЧКИ И ЗАПИРКА ПРИ НАБРОЈУВАЊЕ 72
ТУФЕ ЏИНКАТА 73
ЗРНО ПО ЗРНО – ПОГАЧА 75
ЧЕКОР ПО ЧЕКОР – КОЛАЧИ 76
ЏУЏИЊАТА 77
СНЕГОТ НОСИ РАДОСТ 79
ДВЕ ЕЛИ 81
И ДЕДО МРАЗ ГРЕШИ 83
КРИЛЕСТИОТ КОЊ 85
НОВОГОДИШНИ ЖЕЛБИ 87
NOVA GODINA 87
ОВА Е ПРИКАЗНА НОВА 89
РАСКАЖУВАЊЕ 90
РАСКАЖУВАЊЕ ПО СЕРИЈА СЛИКИ 93
ЧЕСЕН ЗБОР 94
ШТО САКАМ, А ШТО НЕ САКАМ? 95
ПРЕРАСКАЖУВАЊЕ 96
NEVNIMATELNA IGRA 97
FEVRUARKO 99
КОКИЧЕ 100

РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА 101
РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА Mm, Ii 102
РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА Jt, Nn 103
РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА Ss, Vv 104
РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА Kk, Ќќ 105
РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА Dd, Pp 106
РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА Bb, Rr 107
РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА Ll, Uu 108
РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА Gg, Ѓѓ 109
ВЕЖБИ СО РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА 110
РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА Zz, Žž 111
РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА Ff, Hh 112
РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА Dz dz, Dž dž 113
ВЕЖБИ СО ЛАТИНИЦА Šš, Lj lj, Nj nj 114
ВЕЖБИ СО РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА 115

ИМИЊА БЕЗ ПРЕЗИМИЊА – ГОЛЕМА БУКВА 117
ПАТУВАМ И ИСТРАЖУВАМ 119
КОГА ВЕТРЕТО СЕ НАЛУТИ 120
СОЛЗИТЕ НА ЗЛАТЕСТОТО ОБЛАЧЕ 122
ПОДАРОК ЗА МАМА 124
КОЛКУ БОЛИ НАВРЕДАТА 125
УБАВ СВЕТ 127
ИМЕНКИ 128
ОПШТИ ИМЕНКИ 129
СОПСТВЕНИ ИМЕНКИ 130
РОД КАЈ ИМЕНКИТЕ 132
БРОЈ КАЈ ИМЕНКИТЕ 134
И НИЕ НА МАРАТОНОТ 135
ЧИТАЊЕ ИНФОРМАЦИИ 137
ДИРЕКТЕН И ИНДИРЕКТЕН ГОВОР 141
ПРВОАПРИЛСКИ МАСКЕНБАЛ 143

ПРИДАВКИ 145
МАЈСКИ ЦВЕТ 147
БРОЕВИ 148
НАЈУБАВОТО ВО МАКЕДОНИЈА 150
АВТОБУС 152
МАЧКИНИ ОЧИ 154
ГЛАГОЛИ 155
ЈАЗИКОТ НЕ Е ПРЕЧКА ЗА ДОБРО ДРУГАРУВАЊЕ 157
ТИНА И РОНИ 159
КИРИЛ И МЕТОДИЈ 160
БЕЛО ЗЛАТО 161
ВЛИЈАНИЕТО НА МЕДИУМИТЕ 163
КОРИСТЕЊЕ МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН 167
ЗАШТИТА НА МОБИЛНИТЕ ТЕЛЕФОНИ 170
ПРЕБАРУВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ 173
ПАМЕТНО КОРИСТИ ИНТЕРНЕТ СО ПАМЕТЕН ТЕЛЕФОН 175
ЈУНИ..... 177
ИГРАМЕ И СЕ ПРОВЕРУВАМЕ!..... 179

СЕПТЕМВРИ РАДОСТ НОСИ

Септември е месец на радости,
на многу овошни сладости.
Летото брзо ни мина
во прошетки низ земјава мила.

Први септември е радост,
прв училиштен ден,
се слуша школски звон,
завршува безгрижниот сон.

Наутро кон училиште
децата радосно одат,
а со себе на лицата
и насмевките си ги водат.

Ели Маказлиева

Научи ја песната правилно и изразно да ја рецитираш!


ОСМИ СЕПТЕМВРИ


На 8 Септември се слави
роденден на татковината моја,
веам знаме високо,
во црвено-жолта боја.

Во секое село, секој град
убавина насекаде си свила,
сите многу те сакаме
татковино моја мила.

Среќен роденден,
Македонијо моја!
Гордеј се низ светот
со убавината своја!

Ели Маказлиева





Обој ги знамето и грбот!





Слушај го внимателно читањето од наставникот/наставничката.
Секогаш кога ќе сретнеш непознат збор извикај СТОП за да добиеш објаснување.



КОКО РОКО И ПРАСКАТА




Беше уште лето и прекрасен беше светот. По цветовите брмчеа вредни пчели и колку сакаш плодови зрели.

Во дворот растеше праска со плодови слатки како мед. Таква праска, си мислеше Коко Роко, не постоеше во целиот свет. И реши Коко Роко, со намера добра и светло око, од праската, од нејзините фиданки млади уште две дрвца да сади.

На татка си и мајка си ништо не им рече. Тоа си беше негова мисла, што само неговото срце го тупка и пече.

И еден ден Коко Роко расчисти дел од дворот од камења и тревки, ископа дупки и пресади две фиданки кревки. Ги гледаше, им се радуваше со пламната душа, ги полеваше, ги штитеше од суша.





И се случи, само по неколку дена, старата праска пожолти и свена. Некаква болест одненадеж фати и на благородното дрвце животот му го скрати.

– Их, какво дрвце беше! – воздивнуваше татко му на Коко, тажен, со насолзено око.

– И не остана од неа, од праската медена, драга, ни пород, ни трага – жалеше мајка му на Коко.

– Останаа, останаа две фиданки млади! – кликна Коко Роко со светнато око и капнати гради.

Го прегрнаа татко му и мајка му, го бакнаа во чело, драго им беше што на своја рака извршил убаво дело. Наскоро во градината нивна, наместо исушената праска, нов живот вивна.

Глигор Поповски



ОДГОВОРИ



- За што се зборува во текстот?
- Кога се случува настанот?
- Каде се случува настанот?
- Што научи од овој текст?

ТЕХНИКА „РЕЧНИК ВО ЧЕТИРИ АГЛИ“

Пример: Збор – ФИДАНКИ	Нова реченица со зборот: _____ _____ _____ _____
Реченицата во која го најдов зборот: _____ _____ _____ _____	Илустрација на фиданка.

Дали ти си извршил/извршила вакво слично, убаво дело?
Раскажи во својата тетратка!




ИЗГОВОР И ПОДЕЛБА НА ЗБОРОВИТЕ НА СЛОГОВИ

ДА СЕ ПОТСЕТИМЕ

- ЗБОР Е ДЕЛ ОД РЕЧЕНИЦАТА.
- ЗБОРОВИТЕ СЕ СОСТАВЕНИ ОД ГЛАСОВИ ИЛИ ОД БУКВИ.
- СЕКОЈ ГЛАС СИ ИМА СВОЈ ПИСМЕН ЗНАК – НАРЕЧЕН БУКВА.

На празните линии напиши ги имињата на животните како што се подредени овде. Така ќе добиеш четири збора. Изговори го секој збор гласно, но бавно. Што забележуваш?






Од вежбава можеме да го забележиме следново:

Зборот лав го изговараме со едно издишување воздух од устата. Кога го изговараме зборот зајак (за-јак) издишуваме воздух од устата двапати, кога го изговараме зборот лисица (ли-си-ца) – трипати, а кога го изговараме зборот верверица (вер-ве-ри-ца), издишуваме воздух четирипати.

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ



Зборовите се составени од слогови. **СЛОГ** е дел од зборот во кој има само една самогласка (тој се изговара со едно издишување на воздухот). Зборот може да има **еден, два, три** или **повеќе слогови**. Слоговите ни помагаат полесно да пренесеме дел од зборот при пишување од еден во друг ред.



На пример:

- Зборот **леб** има **еден** слог.
- Зборот **сака** има **два** слога**: са-ка**.
- Зборот **планина** има **три** слога**: пла-ни-на**.
- Зборот **училница** има **четири** слога: **у-чил-ни-ца**.

ќуп, уво у-во, рака ра-ка, Марија Ма-ри-ја, Скопје Ско-пје, телевизија те-ле-ви-зи-ја

Дадениве зборови подели ги на слогови!

круша	коса	книга
кру-ша		
награда	сонце	тротинет
прозорец	училница	сликовница



Подели ги на слогови зборовите од краткиот извадок од следниов текст.
Еве вака: Ка-ко рас-те тат-ко-ви-на-та.
А сега продолжи сам/сама!

КАКО РАСТЕ ТАТКОВИНАТА


...Сега се наоѓаме во еден град. По него откриваме и едно село, па трето... Загледуваме ново поле, нови ниви, една нова, длабока река. А татковината, пак бега.

Како да ја стигнеме?

Се сетивме: со итрина. Ќе читаме книги за неа, ќе ја цртаме, ќе ја замислуваме, ќе ја проучуваме...

Оливера Николова

ПРЕНЕСУВАЊЕ ДЕЛ ОД ЗБОРОТ ОД ЕДЕН РЕД ВО ДРУГ




Во текстот „Бреза“, воочи како се пренесува правилно дел од зборот во нов ред.



БРЕЗА

Јас имам една добра, многу добра пријателка – белата бреза. Во доцните часови на летните вечери, кога земјата дише во топлите прегратки на мракот, кога ѕвездите со сребрен трепет сонливи сказни везат, таа со своите зелени прсти нежно удира во стаклото на мојот прозорец, пожелувајќи ми добра ноќ. Тогаш низ нејзините гранки и лисја поминува лесен ветрец, ги буди птиците и тие почнуваат да пеат.

Видое Подгорец



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Кога пишуваме, на крајот од редот се случува да нема доволно простор за да се напише целиот збор, па во тој случај дел од зборот го пренесуваме во нов ред. За да може да ги пренесуваме правилно деловите од зборовите, потребно е да знаеме да ги делиме зборовите на слогови и да почитуваме некои правила:

- Делот од зборот го пренесуваме во нов ред онаму каде што завршува слогот.
- Делењето се бележи со цртичка (-) во истиот ред, а во новиот ред го пишуваме другиот дел од зборот.
- Една буква не се пренесува.
- Една буква не останува сама во претходниот ред.

Некои зборови се пренесени погрешно во нов ред. Препиши го текстот во својата тетратка и поправи ги грешките кај некои од пренесените зборови од еден во друг ред.

УТРО

Исток е румен како срамежливо лице на девојче и нежен как-
о најцрвениот цвет изникнат на некоја полјана во срцето на гора-
та, сред пурпурот на златните дворци, далечни колку свет-
от на сказните. Сонцето е вестител на денот и златен коњан-
ик на зората.

Ноќта пролеала низ тревите безброј солзи што станале бисе-
рни зрна, та секој цвет има росни очи. Додека патувал-
е децата низ царството на сонот, славејот цела ноќ успивни песн-
и гласел, не знаејќи за почин.

Утринава и ластовичката среќа ја грее во гнездото под с-
треата, а негде кон ридот се искачува стадото разблеано. Утро-
во во МАЈ е ДЕВОЈЧЕ сред цвеќиња распеано...

Горјан Петревски

ВЕЖБАЈ



Размисли и напиши на кој начин може да се пренесе дел од зборот во нов ред со дадениве зборови: исток, девојче, полјана, срце, дворци, ластовичката, царството, гнездо, утро.

Пример: те-ле, кре-вет, уче-ник.

ГРАДОВИТЕ МАКЕДОНСКИ

КОЧАНИ

Крај поле оризово –
град во сонце бликнал.
Кочани како кочан –
среде ниви никнал!

Секој жител на Кочани,
на два мали рида,
мали, ниски куќи –
за себе си сидал!

Кочани по оризот
има светска слава,
ако не ми веруваш –
пробај пилав-тава!

ТЕТОВО

Тетово под Шара,
поточно под Шапка,
голем град и убав –
стана бистра капка!

Јаболката тетовски,
од разни народи сликата,
секој ден на градот
му ја кројат ликата!

Ако не ми верувате,
тогаш, барем летово,
повелете, дојдете –
навратете во Тетово!

РЕСЕН

Секогаш бил убав
и преубав Ресен,
ама, сепак, мислам –
никогаш ко во есен!

Тогаш цела Преспа
не ја фаќа сон,
секој бере јаболка –
повеќе од тон.

Езерото Преспанско –
за Ресен е свето,
дојди и одмори се,
барем едно лето!

ГЕВГЕЛИЈА

Еве ме на југот,
како некој делија,
еве ме, се шетам –
во градот Гевгелија.

Блиску е границата,
до самата станица,
стои камен-меѓник,
камен – како граница!

Вардар тече наблизу,
му го следам сјајот,
продолжува кон морето –
таму му е крајот!

Саво Костадиновски

РАБОТА ВО ГРУПИ



Еден член од групата ја чита дадената песна што треба да ја обработат заеднички. Другите ученици слушаат, а потоа заеднички прават краток опис за содржината, местата, локациите и за објектите.

РОДНА КУЌА

Ете ја мојата куќичка ниска,
на срце топла, мила и блиска.

На крај село ти си се скрила,
куќичке моја, драга и мила!

Над тебе леко чадот се вие,
колку убаво во тебе ми е!

Дворчето мало, гумното чисто,
крај тебе тече поточе бистро.

Волшебни сказни тука сум слушал,
со тиха трепет и мила душа.

Топло ме влече родната стреа,
дојдов кај тебе срце да згреам.

Куќичке мила, со мала врата,
за мене ти си како палата!

Ванчо Николески

ОДГОВОРИ



- Зошто песната е насловена „Родна куќа“?
- Колку вкупно стихови содржи песната?
- Објасни како ги разбираш последните два стиха!
- Илустрирај ја својата родна куќа.

НОВИ ЗБОРОВИ

гумно – рамно и широко место каде што се врши жито

трепет – треперење, возбуда


палата – раскошна голема куќа



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Редот во песната се вика **СТИХ.**

Повеќе стихови формираат **СТРОФА.**



Пронајди го одговорот за секое поле. Потоа откриј го **КОНЕЧНОТО РЕШЕНИЕ** на асоцијацијата.

АСОЦИЈАЦИЈА

ПОЛЕ А	ПОЛЕ Б	ПОЛЕ В	ПОЛЕ Г
УЧЕНИЦИ	АЈВАР	ЖОЛТ	ОБЛАК
КЛУПА	ТУРШИЈА	ЗЕЛЕН	КАПКИ
ТАБЛА	ЛУТЕНИЦА	КАФЕАВ	ЧАДОР
УЧИЛНИЦА	ЏЕМ	СУВ	ВРНЕ

ЕСЕН, МИЛА, ПЛОДОРОДНА

Есен, мила, жолтокоса.
Есен, лична, златокоса.
Колку дарој ти ни дариш!
Сакам вечно ти да цариш!

Плодородна, многуродна,
златородна, благородна.
Плодој безброј сегде делиш
модри сливи, дуњи зрели.

Леле, колку круши сочни!
Јади грозје, зрна дрочни!
Костен, орев, полна торба,
сонце – облак, водат борба.

Лисје паѓа, голи гранки,
сон ги стега, мечки спанки.
На југ штркот штом ќе сјати,
есента деној крати.

Тажно врапче песна пее:
– Ништо, џив-џив, вечно не е!
Студот апе, ветрот коси,
магли брка, снегој носи.

Есен, златна, жолтокоса,
ти ќе станеш – белокоса!

Александар Кујунџиски

ОДГОВОРИ



- Со кои зборови авторот ја опејува есента?
- Зошто есента е плодородна?
- Колку строфи има оваа песна? А колку стихови?
- Како ги разбираш четвртата и петтата строфа?
- Што значи стихот „ќе станеш белокоса“?

ОДГОВОРИ



РЕЧЕНИЦИ

Разгледај ја оваа илустрација. Што забележуваш на неа?



Да кажеме и да напишеме неколку мисли, што гледаме на илустрацијава:

1. Во градината има едно момче и едно девојче.
2. Момчето сади лале во градината.
3. Девојчето го полева цвеќето.
4. Тие се вредни и се грижат за својата градина.

За оваа илустрација четирипати кажавме и запишавме по една цела мисла. Ваквите мисли се викаат **реченици.**



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

РЕЧЕНИЦА е целосно искажана или напишана мисла.

ШТО Е ПОТРЕБНО ЗА ДА БИДАТ ЈАСНИ РЕЧЕНИЦИТЕ?

Во овие реченици мислата не е напишана целосно. Доврши ги мислите и дополни ги на празните линии.

ВЕЖБАЈ



Зошто не се јасни следниве реченици?

1. Марко напиша домашна работа во _____.
2. Учениците играат со јаже пред _____.
3. Родителите присуствуваат на новогодишна _____.
4. Мојата другарка _____.



Размисли и објасни зошто не се јасни овие реченици.

1. Зад нашата куќа ѝ купија тротинет.
2. На мојата другарка растат високи дрвја.
3. На ливадата спие во зимски сон.
4. Мечката има многу цвеќиња.

Овие реченици **не се составени правилно**. Тие се измешани и се со измешан редослед. Прочитај ги внимателно, размисли и поврзи ги така што ќе бидат напишани правилно и ќе бидат разбирливи за секого. Потоа препиши ги во својата тетратка.

РЕДОТ НА ЗБОРОВИТЕ ВО РЕЧЕНИЦАТА

Прочитај го внимателно текстот и одговори дали мислите се јасни и дали зборовите се подредени во правилен ред?

ПЕСНА ЗА ПРВАТА СВЕТУЛКА

Светлана многу ги сакаше светулките. Таа знаеше дека ќе дојдат и ќе ѝ светкаат под прозорецот за да ѝ биде помирен сонот. Така ѝ раскажуваа постарите.

Штотуку падна првиот мрак над селото, девојчето стоеше на прозорецот. По патот поминуваше преполна кола со сено. По колата леткаше малечка ѕвездичка. Светлана ја виде и радосно плесна со рацете. Девојчето ѝ се радуваше на првата светулка. Но не беше само една. Низ просторот сега веќе почнуваа да се палат фенерчиња. Светлана гледаше во светулките. Потоа ја зеде тетратката што беше преполна со песнички што самата си ги составуваше. Сакаше да ѝ посвети една песна и на првата светулка.

Горјан Петревски

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ



Мислата треба да биде **јасна.** Без разлика на тоа дали треба да ги кажеме или да ги напишеме, зборовите во реченицата треба да се подредени **по редослед.**

ВЕЖБАЈ



Зборовите во реченициите се измешани. Подреди ги во правилен редослед и напиши ги на празната линија.

1. вредни Ние ученици сме.

_____

2. распуст Летниот помина брзо.

_____

3. чистотата за грижат се Учениците.

_____

4. одделение по успех најдобро е Нашето.

_____

ВЕЖБАЈ



Во овој текст реченициите не се јасни, бидејќи точката не е поставена на своето место. Најпрвин поправи ги грешките со молив, а потоа препиши го текстот правилно во својата тетратка. Внимавај и на правилото за употреба на голема буква.

ЧУДЕН ТЕКСТ

Денеска Драган радосно истрча од дома на главата. Имаше топла капа околу вратот. Му се вееше волнен шал на нозете. Имаше прекрасни жолти чевли на сите згради. Се вееја знамиња минуваа жени, мажи и деца со свечени изрази на лицата.

РЕДЕНИЦА - РЕЧЕНИЦА



Прочитај ја секоја реченица и означи со ✓ ако е јасна и правилна или со ✗ ако е неправилна. Неправилните реченици напиши ги ПРАВИЛНО во својата тетратка.

а) Максим и Леон играат шах.

б) Кревет заспа на удобниот Ведран.

в) Коската брзо ја изеде кучето.

г) Драгана отиде да купи леб и млеко.

д) Прозорецот замислено гледаше низ Санела.

ѓ) Силно заврна косата и ми ја намокри дождот.

е) Ена ги изми забите и легна да спие.

ж) Марта ги гледаше високите дрвја во паркот.

з) Водата ја испи Јаков бидејќи беше жеден.

ѕ) Мравјалникот влегоа во мравките.

Во секоја од следниве реченици има барем по еден НЕТОЧНО напишан збор. Пронајди го/ги, потцртај го/ги, а потоа препиши ги точно реченициte во својата тетратка

а) Ќе одам на гости во Скопије.

б) Од книжарницата купиф молиф и тетратка.

в) Жифарата е највисоко животно во золошката градина.

г) Во мојата децка соба имам многу книги.

д) Хломастерите му беа расфрлани по подот.

ЕДИНАЕСЕТТИ ОКТОМВРИ

Кој од нас не слушнал
за октомври славен?
За него јас слушам
на сон и на јаве.

За него сон сонив –
за првата пушка,
што дете ко мене
ко братче ја гушка.

За него јас учам.
Дедо во борба одел...
За слобода наша,
тешки борби водел.

Октомври, октомври,
светилник си траен.
За октомври светол
секој човек знае.

Александар Кујунџиски



ОДГОВОРИ



- Кој е автор на песната?
- Кое е значењето на насловот на песната?
- Колку строфи има песната? А колку стихови?
- Какви чувства побуди песната кај тебе?
- Научи изразно да ја рецитираш песната!

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА



Веќе умееш да пишуваш и да читаш на **КИРИЛИЦА.** Но понекогаш кога користиш паметни уреди, гледаш постери или реклами, изучуваш странски јазици – се среќаваш и со друго писмо. Тоа писмо се нарекува **ЛАТИНИЦА.**

За секоја буква од македонското писмо ќе научиш латинична буква. Некои букви се исти или слични, а некои различни.

Колку од нив препознаваш?

Аа	Бб	Вв	Гг	Дд	Ѓѓ	Ее	Жж	Зз	Ss
Aa	Bb	Vv	Gg	Dd	Ǵ ǵ	Ee	Žž	Zz	Dz dz

Ии	Јј	Кк	Лл	Љљ	Мм	Нн	Њњ	Оо	Пп
Ii	Jj	Kk	Ll	Lj lj	Mm	Nn	Nj nj	Oo	Pp

Рр	Сс	Тт	Ќќ	Уу	Фф	Хх	Цц	Чч	Џџ	Шш
Rr	Ss	Tt	Ḱḱ	Uu	Ff	Hh	Cc	Čč	Dž dž	Šš

ВЕЖБАЈ



- Заокружи ги буквите што се пишуваат исто во двете писма!
- Кои букви се пишуваат слично?
- Кои букви се пишуваат со две латинични букви?

Буквите во латиницата имаат поразличен редослед од редоследот на буквите во кирилицата. Тој редослед ќе го сретнеш при изучување на некој странски јазик. Латиницата го добила името според именувањето на првите четири букви: A (а), B (бе), C (це), D (де) – АБЕЦЕДА.



Во својата тетратка напиши по еден ред од печатните латинични букви што се пишуваат исто или слично со кириличните.

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Веќе знаеш дека печатните букви Aa, Ee, Jj и Oo се пишуваат исто во двете писма, а Kk и Ќќ се пишуваат слично, односно малите k и ќ имаат подолга линија. Сега ќе научиш како да ги пишуваш правилно печатните латинични букви Mm и Ii.

М м - M m **И и - I i**

Воочи дали се слични или различни.

M _____

m _____

I _____

i _____

Вежбај пишување на печатните латинични букви Mm и Ii и во својата тетратка.




Мики
Mik


Миа
Mia


Коки
Koki


Мими
Mimi


мајка
majka



Препиши ги овие зборови на латиница во својата тетратка.
Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:

Mia ima maka. _____

Miki e moe ime. _____

Maja e moja majka. _____



Препиши ги на латиница следниве зборови и реченици:
Ема, Кико, мое, име, меко, кајак, какао
Кико е име. И Коки е име. Мики има кајак. Мајка ми има какао.

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Тт - Tt

Нн - Nn

Воочи дали се слични или се различни овие кирилични и латинични букви.
Вежбај пишување!

T _____

t _____

N _____

n _____


татко
tatko


тета
teta


тетин
tetin


нане
nane


нота
nota


Тино
Tino


Нате
Nate



Препиши ги овие зборови на латиница во својата тетратка.
Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:

Тоа е teta Tina. _____

Nate ima tetka. _____

Nina ima nakit. _____

Tino e kaj tetin Toni. _____

Mama ja kani Jana. _____

Состави пет зборови со новонаучените латинични букви!
A, E, O, J, K, M, I, T, N



Препиши ги на латиница следниве зборови и реченици:
Нена, Нино, Тане, тој, таа, тоа, ние, ној, ноќ, тато, антена
Тинка е кај Томе. Јана има тетки. Антената е на Мето.

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Cc - Ss

Вв - Vv

Воочи дали се слични/исти малата и големата Ss и Vv.

S _____

s _____

V _____

v _____



Ване
Vane

Весна
Vesna



тава
tava



ананас
ananas



весник
vesnik



војник
vojnik



Препиши ги овие зборови на латиница во својата тетратка.
Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:

Vase e tatko na Simona. _____

Sonaj e majka na Eta. _____

Ivan ima nov vesnik. _____

Vaska e majka na vojnik. _____



Напиши ги зборовите со латинични букви според сликите!











_____ _____ _____ _____ _____



Препиши ги на латиница следниве зборови и реченици:
Вито, Сани, Симе, векна, восок, висока, тенко, тесто, стомна
Симе се смее. Насте има санка. Весна меси тесто на масата.

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Д д - D d

П п - P p

Воочи дали се слични или различни овие букви. Внимавај на латиничната буква Pp. Вежбај пишување!

D _____

d _____

P _____


p _____



Дијана
Dijana



Пепи
Pepi



домино
domino



писмо
pismo



пајак
pajak



пакет
pak t



Препиши ги овие зборови на латиница во својата тетратка.
Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:

Dada Divna e dama. _____

Dime e doma vo petok. _____

Pepo i Dani najdoa pajak. _____

David ima samo petki. _____



Од следниве зборови состави реченици и напиши ги на латиница во својата тетратка.

а) виде пајак. Давид
б) пакетот. по отиде Дада
в) има Петко домино.
г) падна водата. кај Дамјан



Обиди се сам/а да составиш три реченици од досега учените латинични букви.

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Б б - B b

P p - R r

Воочи ја сличноста на малите латинични букви b и d. Вежбај и внимавај да не грешиш при пишување!

B _____

b _____

R _____

r _____



Бојана
Bojana



Ристе
Ris e



баба
baba



риба
riba



робот
robot



рака
rak a



Препиши ги овие зборови на латиница во својата тетратка.
Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:

Baba Ratka mesi pita. _____

Rabie raboti kaj rekata. _____

Robi i Bore mestat robot. _____

Rade e nadvor so Robi. _____



Прочитај го текстот и препиши го во својата тетратка.

Bojan i robotot

Bojan e radosen. Ima nov robot. Dedo Rade e so Bojan vo sobata. Dojde i baba Branka i donese bobinki. Sedna do niv. Dedo Rade i baba Branka jadat bobinki. Samo Bojan ne saka da kasne nitu edna. Se smee i se raduva na robotot.

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Л л - L l

У у - U u

Воочи дали се слични или различни овие букви. Вежбај пишување!

L _____

l _____

U _____

u _____


Лилјана
Liljana


Нусрет
Nuѕ et


лист
liѕ


уво
uvo


лале
lale


локомотива
lokomotiva



Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:


Lokomotivata sviri silno. _____

Rubin skina edno lale. _____

Lena sobira suvi lisja. _____



Реши го крстозборов. Пишувај на латиница!



УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Г г - G g

З з - Z z

G _____

g _____

Z _____

z _____




Зејнеп
Zejnep

Горан
Goran



зајак
◻a jak



змија
◻m ija



гулаб
gulab



вазна
◻a ◻ a



Прочитај ги и препиши ги следниве реченици во својата тетратка.

Zajakot grize zelka.

Gabi i Zoran se na pazar.

Greta ja zema vaznata.

Gulabot sleta na grankata.



Прочитај го текстот и препиши го во својата тетратка.

Zoran i gulabot

Zoran se razbudi rano. Izleze vo dvorot. Vide eden gulab. Si pomisli deka e gladen. Go zema lebot i naroni sitni ronki za da mu dade na gladniot gulab. Po nekoe vreme gulabot dojde i gi zakluka ronkite. Zoran se raduva. Rano nautro napravi dobro delo.



• Состави пет реченици од досега учените латинични букви.

ВЕЖБИ СО ЛАТИНИЦА



Поврзи ја секоја буква од кирилицата со својата другарка – буквата од латиницата!

Б	B	И	R	д	g
С	G	Р	Р	г	d
У	U	В	I	б	i
Д	S	З	V	и	b
Г	D	П	Z	р	r

Никола ја учи латиничната азбука. Тој ја напишал својата домашна задача, но направил грешки. Провери кои зборови ги напишал точно, а кои погрешно. Обележи со ✓ или ✗ .

Prilep	Ckopje	Gostibar	Tetovo	Kpatovo	Berovo
Bitola	Debar	Recen	Иegotino	Gevgelija	Dojran



Препиши ги следниве реченици на латиница.

а) Дедо Бојан сади лук и кромид.
б) Глигор работи во Скопје.
в) Невена и Симона се сестри.
г) Горан и Зоран берат грозје.



Слушај го читањето на наставникот/наставничката и пишувај со печатни латинични букви во својата тетратка.

АКВАРИУМ

Баба Бојана купи златна рипка во аквариум. Ќе му ја подари за роденден на својот внук Златко. Внимателно го носи подарокот. Сака да го изненади својот внук. Знае дека тој многу сака рипки.

Кога го виде подарокот, Златко гласно извика:

– Ти си најдобрата баба на светот!

– Злато бабино! А, ти си златен како златната рипка!



УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Ж ж - Ž ž

Ш ш - Š š

Ž

ž

Š

š








Жарко	Шерузе	штрк	желка	еж	шишарка
Žarko	Šeruže	štrk	želka	ež	šišarka



Прочитај ги и препиши ги следниве реченици во својата тетратка.

Štrkot lovi žabi i zmii.

Živko živee vo žoltata zgrada.

Žane sobira šišarki vo šumata.



Špresa vide želka i ež.

Прочитај го текстот и препиши го во својата тетратка.

Esen vo šumata

Eden esenski den Žare i Saška trgnaa kon šumata da soberat šišarki. Od šišarkite sakaat da napravat ukrasi. Šetaat niz šumata i se vooduševuvaat na ubavata priroda. Žoltite lisja im šuškaat pod nozete. Šumskite životni se plašat od šumot na lisjata i se krijat. Decata vidoa i edna želka kako spie.

• Состави три реченици од досега учените латинични букви.

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Ц ц - C c

Ч ч - Č č

C _____

c _____

Č _____

č _____



Цвета
Cveta



цвет
cvet



чорапи
čorapi



чевли
čevli



цреша
creša



чешел
češel



Прочитај ги и препиши ги следниве реченици во својата тетратка.

Čedo obleče crni čizmi.

Canka bere crveni creši.

Čičko Cane gi čisti čevlite.

Cvete ja češla kuklata.



Прочитај го текстот и препиши го во својата тетратка.

Čuden den

Cvetan se podgotvuva za učilište. Pogledna niz prozorecot i zabeleža deka vrne dožd. Se čudi što da obleče, no brzo reš . Se isčešla, ja zede čantata, potoa i čadorčeto i se navedna da se obue. Sega se čudi što da obue, čizmi ili čevli... Sepak se odluči za čizmi. Celo utro Cvetan nešto se čudi. Čuden e ovoj den.

• Состави три реченици од досега учените латинични букви.

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Љ љ - Lj lj

Њ њ - Nj nj

Lj _____

lj _____

Nj _____

nj _____



Сања
Sanja




Љупчо
Ljupčo



коњ
konj



љубов
ljubov



свињa
ѕ nja



сирење
ѕ renje



Прочитај го текстот и препиши го во својата тетратка.

Bukvite Lj i Nj

Bukvata Nj beše tažna. Ja sretna Lj i ja praša:

– Zošto si tažna sestro?

– Nitu eden zbor ne počnuva so mene. Ete, za mene ne može ni pesnička da se napiše – reče Nj.

– Ne taguvaj sestro – reče Lj. – I za mene nema pesnička, pa ne taguvam. Ajde da se prošetame. Ќe vidiš deka i nie sme potrebni kako i drugite bukvi od našeto semejstvo, azbukata.

I trgnaa. Se kačija na konj. Ja pominaa Pčinja, a tamu vo gradinata na čičko Ljuben zabeležaa dunja. Tie go slušaa vljubeni vo negoviot glas. Potoa se banjaa vo Pčinja. Se vratija od prošetkata. Sretnaa četiri dečinja: Koljo, Iljo, Sonja i Tanja. Decata ubavo si igraa. Bukvite Lj i Nj gi gledaa i se raduvaa. Tagata im pomina kako da ne bila.

Глигор Поповски

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Ф ф - F f

Х х - H h

F _____

f _____

H _____

h _____



Хана
Hana

Филип
Filip



хармоника
harmonika



фудбал
fudbal



харфа
harfa



фока
foka



Прочитај ги и препиши ги следниве реченици во својата тетратка.

Filip e odličen fudbaler.

Hana umee da sviri na harfa.

Fatmir i Fatma ja vidoa fokata.

Frose ja frli hartijata od fiokata.



Прочитај го текстот и препиши го во својата тетратка.

Hristijan i Hristina

Hristijan i Hristina se bliznaci. Tie se vo treto oddelenie. Mnogu sakaat da sportuvaat. Hristina trenira košarka, a Hristijan fudbal. Fidan, nivniot nastavnik po fizičko, im veli deka se rodeni sportisti. Osven sportot, Hristina odi i na časovi po šah, a Hristijan sviri na harmonika. Sakaat da učat i stranski jazici. Hristijan uči francuski, a Hristina germanski. Iako se bliznaci, sepak momčeto i devojčeto imaat različni interesi.

ВЕЖБАЈ



ВЕЖБИ СО ЛАТИНИЦА

Поврзи го секој збор напишан на кирилица со зборот напишан на латиница!

жирафа	ljubeznen
часовник	helikopter
шешир	fustanče
љубезен	žirafa
хеликоптер	časovnik
фустанче	šešir



Прочитај го краткиот текст. Измери за колку време ќе го прочиташ.

Vo zoološkata gradina

Žarko i Stefan se vo zoološkata gradina. Sakaat da se zapoznaat so životnite. Tie bavno šetaat, gi gledaat životnite edno po edno i si razgovaraat. Vidoa razni vidovi ptici, šatki, kokoški, fazani, konj, nilski konj, foka, mečka, tigar, lav, žirafa, slon, zmii, gušteri i što li ušte ne. Sekoe životno im ostavi vpečatok na svoj način, no najzabavno im beše kaj majmunite i kaj pingvinite. Pominaa nezaboraven den vo zoološkata gradina.



Препиши ги следниве реченици со печатни латинични букви.

а) Жанета живее во висока зграда.

б) Зорана набра букет цвеќиња за мама.

в) Фатиме има шест миленичиња.

г) Харис црта со фломастери во своето блокче.

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

S s - Dz dz

Џ џ - Dž dž

Dz _____

dz _____

Dž _____

dž _____



Џафер
Džafer

Звонко
Dzvonko



звонче
dzvonče



џип
džip



џемпер
džemper



ѕидар
dž dar



Прочитај ги и препиши ги следниве реченици во својата тетратка.

Dzidarot go izdzida dzidot.

Dzvončeto zadzvoni i časot završi.

Dževdad igra džamlii vo sobata.

Džinot i džudžeto se prijateli.



Прочитај го текстот и препиши го во својата тетратка.

Одžачар

Džafer e одžачар. Често се прашувам:

– Како може да се качува толку високо? Како не се плаши од високината? Како може да е толку храбар?

Неговите раце постојано се црни. Ние децата отпрвин мислевме дека тој не води доволно грижа за својата лична хигиена, но многу сме грешеле. Тој е чист човек. И не само чист, тој е и многу чесен.

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Ни остана да изучиме уште една буква од латиницата, а тоа е буквата Ǵǵ.

Ґ ґ - Ǵ ǵ

Ǵ _____


ǵ _____



Ґорґи
Ǵorǵi



Ґурґина
Ǵurǵina



ґеврек
ǵevrek



ґердан
ǵerdan



ґуле
ǵule



Прочитај ги и препиши ги следниве реченици во својата тетратка.

Ǵorǵi frla ǵule.

Gorjan si kupi ǵevreče.

Mama nosi biseren ǵerdan.




Прочитај го текстот и препиши го во својата тетратка.

Ǵerdan

Jas i tato rešivme na mama da ì kupime ǵerdan za rodenden. Taa sekogaš nosi ubavi ǵerdani. Go odbravme najubaviot. Po patot kon doma nie dvajca si kupivme po edno toplo ǵevreče. Na mama mnogu ì se dopadna ǵerdanot. Vednaš go stavi na vratot, a biserite bleskaa.

ЗАБАВНА ЛАТИНИЦА

1. Секоја форма и боја крие една латинична буква. Обиди се да ги откриеш зборовите!



БУКВАТА Х НА ЛАТИНИЦА

Немаше потреба да се погледнува низ прозорецот. Џагорот на другарите објавуваше дека надвор на улицата е весело. Горан можеше лесно да замисли кои игри се играат на снегот, но тој не сакаше да си го прекрши редот на работите. А според тој ред, претстоеше пишување на домашните задачи.

Свртен кон прозорецот, тој настојуваше да не го слуша џагорот надвор. Си пишуваше. Пишуваше состав на тема „Првиот снег“. Беше при крај со пишувањето, но кога ја почна реченицата: „Снегот личи на бела...“, застана. Сакаше да ја заврши со зборот „хартија“, но како ли се пишуваше малата буква х на латиница? Никако не можеше да се сети. Почна да ги прелистува страниците на тетратката за да се потсети, но никаде ја немаше буквата х. Не е чудно што ја заборавил!



Се мислеше долго време, но никако да се сети. Да не џагорат толку другарите, може и ќе се сети, но вака само му пречат.

ОДГОВОРИ



Кој е главен лик во текстот? Што прави тој? Што е проблемот во овој дел од текстот? Што мислиш дека ќе се случува понатаму?

Најпосле реши, нема смисла да се инаети и залудно да си го губи времето. Денот изминува, ќе се стемни и не ќе може да му се порадува на првиот снег. Ќе го прекрши редот и ќе излезе. Но нема да си игра. Само ќе ги праша за буквата х. Надвор беа Томе, Трајче, Игор и Татјана. Горан им се придружи и им кажа што го мачи.

ОДГОВОРИ



Кои други ликови ги сретна во текстот? Што се случи во овој дел од текстот? Што мислиш дека ќе се случува понатаму? Раскажи усно!

Александар Поповски



Прочитај ги и погоди ги гатанките!

Бела нива, црно семе.
Со рака го сејат, со уста го берат.

Отвори ја слободно,
во секое време,
ќе почне да ти „зборува“
штом в раце ја земеш.

СТИХОВИ ЗА КНИГАТА

Зошто е ова вака, а не така,
ќе ти каже таа, земи ја в рака.
За неа нема тајна,
книгата е многузнајна.

Таа ќе те поучи за сè,
што е за ДА, што е за НЕ.
За неа нема тајна,
книгата е многузнајна.

Тоа што било и може да биде,
што е сега и што иде...
За неа нема тајна,
книгата е многузнајна.

Колку? Каде? Како? Дали?
Сè е збрано во буквите мали.
За неа нема тајна,
книгата е многузнајна.

Александар Кујунџиски



ОДГОВОРИ



- Зошто стиховите **„За неа нема тајна, книгата е многузнајна“** се повторуваат во секоја строфа?
- Објасни како ги разбираш овие стихови.
- Зошто е важно да се читаат книги?
- Колку книги си прочитал/а? Која е твојата омилена книга?
- Дали водиш **ДНЕВНИК НА ПРОЧИТАНИ КНИГИ?**
- Препиши ја песната на латиница.

- Во која библиотека членуваш?
- Колку книги имаш прочитано досега?



ОДГОВОРИ



ЖИВА РЕКА ВО БИБЛИОТЕКА

Во најблиската куќа до училиштето во коешто учат Јане и Јана, живее еден чичко што е писател. Не само ним, ами на сите деца тој им е голем пријател! Како станаа толку големи пријатели?

Всушност, тој воопшто за тоа и не е виновен зашто пишува книги само за нив! Освен тоа, тој си има и богата семејна библиотека од која за да се позајми книга не мора да се чека. За разлика од другите библиотеки, никогаш не е затворена. И возрасни и деца во неа постојано се навраќаат. Едни позајмуваат нова книга, други – ја враќаат прочитаната… Така е секој ден. Секој може да стане нејзин член. Без разлика дали е ученик, работник или учител. Важно е – на книгите да е љубител. Денеска Јане и Јана со целото одделение ја посетија библиотеката на писателот.



Во чест на Месецот на книгата – цели два часа ѝ посветија! На писателот му подарија букет цвеќе… Ах, само да видевте колку беше среќен! – Благодарам дечиња! – им рече.

– Вие сте „жива река“ во библиотекава што тече! А гостите, второодделенците и третоодделенците кон него подадоа рачиња. Тој почна со нив да се ракува и добредојде да им посакува. Цели два часа седеа и разговараа крај неговата работна маса. Го прашуваа за сè и сешто, а тој им одговараше мудро и вешто. На крајот, намерно или по грешка, писателот направи и една смешка:

– Кој сака да е голем колку мене, а јас колку него мал – сиве овие книги веднаш би му ги дал! Бидејќи сите одеднаш кренаа рака, не испадна како тој што сака!

Киро Донев

ОДГОВОРИ



За што се раскажува во текстот „Жива река во библиотека“?
Што научи од овој текст?
Како ја разбираш следнава реченица: „Кој сака да е голем колку мене, а јас колку него мал – сиве овие книги веднаш би му ги дал!“



Напиши три реченици во кои ќе го употребиш зборот КНИГА.



Од **15 октомври** до **15 ноември** е Месец на книгата. Истражувај на интернет за најпознатите македонски автори.



Напиши состав на тема:
„Мојата омилена книга“.



Предлог-активност:
„Најдобар читател на месецот“.



ПЕСНА ЗА СКОПЈЕ


Градот убав пак ќе никне
среде песни во здружен фат,
пак под сонце цел ќе бликне,
како топол нежен кат.

Скопје младост ти ќе бидеш,
Скопје ти ќе бидеш цвет,
ти ќе бидеш израз вечен
на сè братско в овој свет.

Покрај Вардар ќе се кренеш,
ќе те буди детски вик,
ти ќе броиш ново време,
радост ќе ти краси лик.

Бошко Смаќоски

- Оваа песна е посветена на Скопје – главниот град на нашата држава. Авторот Бошко Смаќоски ја напишал по земјотресот во 1963 година, а неколку години подоцна композиторот Александар Џамбазов компонирал музика за овие стихови, кои се испеани од детскиот хор „Златно славејче“.
- Тринаесетти ноември е празник на градот Скопје. На кој датум празнува твојот роден град?



Напиши состав или стихови за својот роден крај!



На часот по музичко слушајте ја песната „Песна за Скопје“ која е позната и како „Градот убав“.



Читај го текстот во себе. Потоа одговори ги прашањата на следната страница и провери колку си го разбрал прочитаното.

БРЕЗА И ДАБ

Утрово рано-рано, само што пукна зората, една бреза вита, стројна, со дабот – сосед започна „војна“.

– Леле, соседу, му рече – колку си дебел и груб! Згора на сè, глеј – имаш и рапав труп! И гранките ти се криви... Осакатен си цел, а толку голем простор во шумава си зел!?

– Од тебе – ѝ возврати дабот – навреди примам често... Зар не знаеш дека во шумава, за секого има место? Некој расте високо, некому му треба широчина. Дури и нашите корени не се на иста длабочина. Ние сме дрвја, а не луѓе, па да ја следиме „модата“... Како се раѓаме, растеме и живееме, ни одредува природата. Нејзините закони сè живо ги почитува во дивината. Без тоа не би постоеле ни јас, ни ти, ни, пак, планината! Треба да си живееме сложно каде што сме населени, без разлика дали сме листопадни или, пак, зимзелени!

Од мудриот прекор на стариот даб, на брезата ѝ се заниша ставата. Не рече веќе ни збор. Само ја наведна главата.

Киро Донев



1. Во овој текст разговараат:

а) луѓе б) животни в) растенија

ОДГОВОРИ



2. Разговорот во текстот го водат _____.

3. Дејството во текстот се случува:

а) рано во зората б) попладне в) во ноќта

4. Брезата му рекла на дабот:

а) дека е убав и раскошен б) дека е дебел и груб

5. Дабот ѝ се налутил на брезата и се скарал со неа.

ДА НЕ

6. Кој се однесувал правилно?

а) брезата б) дабот

7. Брезата се засрамила од зборовите на дабот и ја наведнала главата.

ДА НЕ

8. Напиши накратко за што се зборува во текстот.

_____

_____

_____



9. Пронајди ја реченицата што ја кажува брезата и препиши ја!

_____

_____

_____

10. Пронајди ја реченицата што ја кажува дабот во која ги има зборовите листопадни и зимзелени!

_____

_____

_____



ВИДОВИ РЕЧЕНИЦИ СПОРЕД ЗНАЧЕЊЕТО



Марко, Ајлин и Нина излегоа на прошетка низ паркот. Таму видоа многу убави цвеќиња и високи дрвја. Насекаде имаше зелена трева.
Пред себе забележаа повеќе таблички со натписи.

– Колку е убаво во парков! – радосно извика Марко.

– Прекрасно е! – дополни Ајлин.

– Отсега почесто да доаѓаме овде – предложи Нина.

– Да, ќе доаѓаме и ќе се грижиме за цвеќињата и за тревата – се согласија сите и си тргнаа дома.



Прочитај ги и ти натписите од табличките. На нив се напишани следниве три реченици:

1. Цвеќето е украс на природата.
2. Ја сакате ли природата?
3. Не газете ја тревата!

Овие три реченици по своето значење се разликуваат една од друга.

Со првата реченица **се раскажува** нешто за цвеќето (тоа ја украсува природата), со втората реченица **прашуваме** нешто (дали ја сакаме природата), а со третата реченица **извикуваме** и се обраќаме на посетителите на паркот да не ја газат тревата.

Значи со првата реченица **раскажуваме** нешто, со втората реченица **прашуваме** нешто, а со третата реченица **извикуваме**.



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Според тоа какво е значењето на искажаната мисла, РЕЧЕНИЦИТЕ може да бидат: **РАСКАЗНИ**, **ПРАШАЛНИ** и **ИЗВИЧНИ**.



РАСКАЗНИ РЕЧЕНИЦИ

МАРТИНОВОТО ПИСМО

Драг мој дедо,

Оваа година јас сум ученик во трето одделение. Редовно одам в училиште и внимателно слушам што зборува нашиот добар учител. Домашните задачи секогаш ги пишувам навреме. Имам добиено многу награди и пофалници. Учителот ме фали пред сите мои другарчиња. Мама и тато се многу среќни. Знам дедо дека и ти ќе бидеш многу задоволен од мене. Ова писмо ти го пишувам за да те израдувам. А ти, дедо, чувај за мене убави приказни. Наскоро ќе дојдам и сакам да ми раскажеш многу, многу приказни.

Многу те поздравува твојот внук Мартин.

Овој текст е составен од единаесет реченици. Со секоја реченица Мартин **му раскажува** на својот дедо нешто за себе. Затоа овие реченици се викаат **расказни** реченици.

Уште примери:

- Кучето спие во својата куќичка.
- Маја има црвена панделка и жолта шнола.
- Во понеделник во 12:00 часот ќе се одржи фудбалски натпревар.
- Учениците го исчистија училишниот двор.

Расказните реченици ги користиме кога:



прераскажуваме

раскажуваме

соопштуваме

опишуваме

одговараме на прашања



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

РАСКАЗНИ РЕЧЕНИЦИ се оние реченици со кои нешто **СЕ РАСКАЖУВА.**

На крајот од расказните реченици пишуваме ТОЧКА **(.).** Кога ќе забележиме точка, гласот треба да го спуштиме и да направиме малку одмор.



Опиши го својот најдобар другар или опиши ја својата најдобра другарка! Притоа внимавај на правописните правила и не заборавај на крајот од секоја расказна реченица да ставиш интерпункциски знак точка.

ПРАШАЛНИ РЕЧЕНИЦИ



Покрај патот си играа Никола и Емир, кои живеат во исто маало. Покрај нив помина нивниот сосед Бојан, им пријде на децата и ги праша:

– Што правите тука деца?

– Си играме – одговорија и двајцата истовремено.

– А дали смеете да играте покрај патот?

– А, зошто да не смееме чичко Бојан? – праша Емир.

– Па деца, ова е голема улица и не е безбедно да играте овде.

– Знаете ли колку други побезбедни места има за играње?

– Можете да си играте во најблиското игралиште – им предложи чичко Бојан.

– Јас мислам дека чичко Бојан има право. Нели Емир? – рече Никола.

– Секако. Ви благодариме чичко Бојан. Имајте пријатен ден.



Пронајди ги и потцртај ги реченицте во текстот со кои **прашуваме нешто.** Кој интерпункциски знак стои на крајот на тие реченици?

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ



ПРАШАЛНИ РЕЧЕНИЦИ се оние реченици со кои **ПРАШУВАМЕ** нешто. **Прашални реченици** употребуваме кога сакаме да дознаеме нешто што нè интересира или што не ни е јасно. На крајот од прашалните реченици се пишува интерпункцискиот знак **ПРАШАЛНИК (?)**.



Состави прашални од следниве расказни реченици:

1. Книгата беше на масата.
2. Соседот Милош садел овошни дрвца.
3. На еден цвет слетала прекрасна пеперутка.
4. Ластовиците одлетале во топлите краишта.
5. Ариф напиша убав состав.

1. Каде беше книгата?

Со помош на прашалните зборчиња: **дали, како, зошто, каде, кој, кога** и **колку** состави и напиши прашања.

Дали _____

Како _____

Зошто _____

Каде _____

Кој _____

Кога _____

Колку _____



ИЗВИЧНИ РЕЧЕНИЦИ

ЛАЖГО

Едно дете чувало овци. Му било здодевно, па почнало да вика:

– Помагајте, луѓе, волкот дојде!

Дотрчале селаните, но виделе дека детето ги излагало. Овчарчето така правело неколку дена. Но еднаш навистина дошол волкот. Детето почнало силно да вика:

– Трчајте на помош, луѓе! Луѓе, волкот навистина дојде!

Селаните си рекле дека детето пак ги лаже, па не отишле. Волкот го изел целото стадо.

НАРОДНА ПОГОВОРКА:
НА ЛАГАТА Ѝ СЕ КРАТКИ НОЗЕТЕ.

Пронајди ги реченициte во текстот преку кои детето бара помош од селаните и потцртај ги со молив. Како детето ги изговара овие реченици?

Кога ги изговара овие реченици детето **извикува** па затоа тие реченици се викаат **извични реченици.**



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Речениците со кои извикуваме и ги изговараме со повисок глас се викаат **ИЗВИЧНИ РЕЧЕНИЦИ.** Со извичните реченици најчесто искажуваме радост, страв, болка, заповед, чудење, желба и друго. На крајот од извичните реченици пишуваме **ИЗВИЧНИК (!)**.

Само во една од трите реченици правилно е употребен знакот ИЗВИЧНИК. Пронајди ја и препиши ја на линијата!

1. На масата имаше шарена вазна!
2. Девојчето ја здогледа вазната!
3. Леле, колку убава вазна!

ПРИКАЗНА ЗА РАЃАЊЕТО НА ЕДНО ЕЗЕРО

Еден ден се разнесе вест дека Радика ќе се влива во Вардар.

– Тука мора нешто да има! – мислеа селаните. Тие имаа право. Вардар поскокна неколкупати, се прели преку коритото, ги поплави биволите што пасеа на неговите брегови и ѝ подвикна на Радика.

– Што бараш ти во моето корито? Ни сантиметар да не си се поместила, зашто ќе ти ги искршам сите коски!

– Еј, Вардаре, грешиш! – му подвикна озгора планината Бистра. Ете, Шар Планина ќе ни каже.

– Ти Вардаре, не треба да ѝ се лутиш на реката Радика – рече Шар Планина. Јас ќе ти објаснам: на мојот врв Попова Шапка дојдоа скијачи. Од нив дознав дека Радика ќе дава многу електрична енергија.

– Зар Радика има поголема сила од мене? – зачудено праша Вардар...

Извадок од текстот **„Приказна за раѓањето на едно езеро“**
Ванчо Николески

ВЕЖБАЈ



Пронајди ги во текстот расказните, прашалните и извичните реченици и напиши по две од секој вид на празните линии во точното поле!

Расказни реченици

_____

_____

_____

Прашални реченици

_____

_____

Извични реченици

_____

_____



ГЛУВЦИТЕ НА СОБИР

Еден ден глувците се собрале за да се договорат како да се заштитат од една гладна и лакома мачка, која постојано ги напаѓала. На собирот се давале разни предлози. Еден постар глушец рекол:

– Мислам дека треба околу вратот да ѝ врземе едно ѕвонче на мачката. Така ќе знаеме кога доаѓа по нас и навреме ќе избегаме.

Глувците биле пресреќни што нашле решение како да се спасат од опасната мачка. Но пред да го прифатат предлогот, еден поискусен глушец рекол:

– Идејата е одлична и се согласувам со вас! Но сакам да ве прашам кој ќе биде јунак и ќе се пријави да го заврзе ѕвончето околу вратот на мачката?

Езоп




ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Приказните во кои главни ликови се животните се викаат **БАСНИ.** Во басните преку ликовите на животните се претставуваат особините на луѓето.

ОДГОВОРИ



- Што е проблемот во оваа басна?
- Објасни дали глувците нашле вистинско решение за проблемот?
- Помогни им на глувците да смислат начин за да го решат својот проблем со мачката.





ЗЛАТНИОТ КЛУЧ

Една зима кога длабок снег ја покривал земјата, едно сиромашно момче излегло со санката во шумата да набере дрва. Откако ги собрало и врзало, бидејќи било премрзнато од студот, тоа посакало да не си оди веднаш дома, туку да запали оган и малку да се стопли. Затоа, го растргнало снегот и само што почнало да ја расчистува земјата, нашло еден мал златен клуч. Момчето веднаш се сетило дека онаму каде што има клуч, мора да има и клучалка. Почнало да копа во земјата и во неа нашло железно ковчеже.

„Само кога би се фатил клучот во бравата!“ – си помислило момчето, „без сомнение има скапоцени работи во таа мала кутија“.

Момчето побарало, но на кутијата немало клучалка. На крајот нашло една клучалка, но била толку малечка што одвај се забележувала. Момчето го зело клучот и се израдувало затоа што клучот совршено одговарал на клучалката. Тогаш момчето го свртело клучот еднаш, и...

Е, сега ќе мораме да почекаме додека не отклучи и не го отвори капакот, а потоа и ние ќе дознаеме какви сè прекрасни работи имало во таа кутија.

Браќата Грим

ОДГОВОРИ



- За што се зборува во текстот „Златниот клуч“?
- Каде се случува дејството?
- Кога се случува дејството?
- Кое чувство се побуди кај тебе кога момчето ја отклучувало клучалката?
- Оваа бајка нема крај. Обиди се да ја довршиш!

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ



Литературните творби во кои се зборува за волшебни предмети, појави или за измислени суштества со натприродна моќ се викаат **БАЈКИ** или **СКАЗНИ.**



ПОДАРОК И БАКНЕЖ

Таткото се врати од работа. Мајката и детето го пречекаа на вратата.

– Нашиот син денеска беше послушен! – мајката го пофали детето.

– О, браво! – се израдува таткото.

– Оди, тато ќе ти даде нешто! – му шепна таа на нивното милениче.

Детето тргна. Тргна, па подзастана. Гледаше збунето. Татко му ништо не држеше во рацете! Полека дојде до татка си. Очекуваше.

Во прво време, татко му уште повеќе се збуни. Стоеше. Размислуваше. „Што да му дадам на детево? Не носам ништо, празни раце, празни џебови... Нешто да му ветам? Тоа сега чека. Не!“ Друга мисла, поубава, посилна, во истиот миг му се јави. Ги рашири рацете широко, како целиот свет да го открива пред него, и го бакна.

– Еве, сине, од тато – еден бакнеж! – рече.

И го бакна.


Родителот секогаш има што да даде.

И кога не носи подарок. А и кога носи, бакнежот ја зголемува вредноста на подарокот за стопати, за илјадапати, за илјада по илјадапати!



Александар Кујунџиски





Со својот другар или со својата другарка со помош на тркалото составете прашања што се однесуваат на текстот и одговорете ги.

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ



Кратка творба во која се зборува за еден момент или за некој настан од животот на еден лик се нарекува **РАСКАЗ.**

ТЕХНИКА – ПАЈАКОВА МРЕЖА





Обиди се да раскажеш случка во која си добил/а најубав подарок! Внимавај на редоследот на зборовите во реченицата и на интерпункциските знаци.

ШТО СЕ СЛУЧУВА ВО ТРЕТО ДВА?

Лица: РАСКАЖУВАЧОТ, ПАВЛЕ, СТЕФАН, МАРИЈА, МАРТИН, БИСЕРА, РИСТЕ, АНГЕЛА, АЛЕКСАНДАР и СОФИЈА

РАСКАЖУВАЧОТ: Пссст... Тишина! Завесата почна да се крева... Слушате ли некаде врева? Да, да, да! Нешто се случува во трето два! Во ова одлично одделение со супер поведение! Но зошто денеска толку гласно викаат и се надвикуваат? Бучно разговараат... чиниш како да се караат... Еден на друг – совети си делат, ајде да слушнеме што навистина велат!

ПАВЛЕ: Кој како сака нека каже, ама метро си е метро – не знае да лаже! Еве на таблата ќе запишам со креда: повисок сум од секој за половина педа!

СТЕФАН: Зар си повисок и од мене? Ама, ајде те молам. Секој во одделението може да види дека си ми само до половина! Така ли е, Марија?

МАРИЈА: Не сакам да учествувам во расправија. Зар е важно кој колку е повисок или колку тежи?

МАРТИН: Така е, Марија. Не плеткај се во нивните фалбаџиски мрежи за висината и тежината, знаеме дека најважни се добрината и убавината.

БИСЕРА: „И јас мислам дека е така. Мартин, еве ти рака!“ Но важно е и туѓото мислење да се почитува. Еве, јас би сакала да знам, што мисли за мене Ристе?

РИСТЕ: Ќе ти кажам Бисеро. Те крстиле Бисера, ама бисер не си...

АНГЕЛА: Ех, сега, пак, и ти Ристе! Јас се викам Ангела... Според тебе „ангел“ ли да бидам?

АЛЕКСАНДАР: Какви сме, такви сме – треба да се почитуваме. Ако некому сме згрешиле нешто, треба да се извинуваме и меѓусебно да си простуваме.

СОФИЈА: Еј, ајде стишете си го малку гласот... Одморот заврши – ќе почне часот!

Киро Донев



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Текстот напишан по улоги се вика **ДРАМСКИ ТЕКСТ.**

КОЈ ТЕКСТ КАКОВ Е?



Прочитај ги внимателно текстовите и одреди на кој вид припаѓаат (расказ, бајка, басна или драмски текст).

Потоа, разговарајте за сличностите и разликите помеѓу нив!

ЛИСИЦАТА СО ПОДУЕНИОТ СТОМАК

Гладната лисица забележала како овчарите оставаат месо и леб во колибата. Се провнала низ една дупка, влегла внатре и ја изела целата храна. Јадела, јадела, а стомакот ѝ се дуел како балон. Дупката станала за неа претесна и не можела да излезе. Почнала да офка гласно. Нејзиното офкање го слушнала една друга лисица и се доближила да ја праша што ѝ е. Откако разбрала што се случило, ѝ рекла на својата пријателка:

– Ти ќе треба да останеш таму сè додека не станеш тенка и вита, каква што си била пред да влезеш.



ПРИНЦЕЗАТА И ТРИТЕ АНГЕЛЧИЊА

Кралот, кралицата и малата принцеза поминуваа низ широката улица. Во толпата народ од темната височина на ѕвезденото небо, принцезата ја здогледа злобната вештерка како лета качена на нејзината метла. Таа кружеше над главите на насобраниот народ, а во раката држеше факел со запален оган. Принцезата имаше чувство дека лета со голема брзина кон неа. Тогаш, на нејзиното рамо слетаа и застанаа трите ангелчиња.

– Тука сме! Не плаши се! – шепотеа тие нежно мавтајќи со своите свилени крилца. Во тој миг тие го зграпчија факелот со запалениот оган од рацете на злобната вештерка и го фрлија во водата на црквената фонтана.

Вештерката многу се налути затоа што не ѝ успеа планот, па со голема брзина се изгуби далеку низ темното ѕвездено небо.



НЕПОТРЕБНО УБЕДУВАЊЕ

Дедо му го убедуваше Жарко да јаде јаболко. Го зеде најубавото, најцрвеното јаболко од кошничката и го излупи. Потоа, за да му биде поинтересно на внучето, почна да сече и од него првин направи тркало. Едно тркало, па друго тркало. Од страната исече чамец. Од другата страна – друг чамец. Најпосле од црвеното јаболко излегоа и две бели коцки, па и тие се најдоа пред чиничето на Жарко.

– Ајде сега, јади! – му рече на внучето. – Гледај колку се убави тркалата, чамците и коцките.

Жарко се насмеа:

– Е, дедо, каде се чуло и видело да се јадат тркала, коцки и чамци! – рече мавтајќи со прстето.

Овој пат тој не ги изеде парчињата, туку побара цело јаболко и го изеде, онака, сам, со лушпата и витамините во него.

БОЛНИОТ ВРАБЕЦ

РАСКАЖУВАЧ: Есента насекаде растури жолто лисје. Сланата го попари и последното зеленило. Немирен ветер се растрча низ голите гранки на дрвјата. На старата клупа во дворот стоеше врабецот Џивџанко. Се тресеше од студ. Беше болен. Кон крајот на летото некое дете го истегна ластикот и го погоди во крилото. Кутриот, штотуку пролета од гнездото. Зар мораше да биде толку несреќен? Сега стоеше на гранка од дрвото, напуштен, сам и толку тажен и се лутеше на есента. Мислеше дека таа е најлоша.

ДЕТЕТО: Зошто плачеш Џивџанко?

ЏИВЏАНКО: Есента е многу лоша! Ми го украде сонцето. Нема каде да се скријам. А толку сум болен...

ДЕТЕТО: Есента не е лоша, туку ти си ја дочекал неподготвен.

ЏИВЏАНКО: Никаде нема храна. Ми студи, ме тресе... Крилото сè уште не ми е заздравено... Што да правам?

ДЕТЕТО: Скриј се во плевната и не излегувај до пролет. Таму е топло и има храна.

ОПИШУВАЊЕ

Во дворот на баба ми се почувствува мирисот на пролетта. Пред мене како раскошна кралица стоеше најубавото дрво. Крошната личеше на разгранета печурка, со безброј цветови во розеникава боја. Кората на стеблото беше со боја на најплодна почва, а неговите листенца во форма на зелени очи, кои ми го одземаа здивот. Широките гранки изгледаа како рацете на мајка ми кога се стрчува кон мене да ме прегрне.


Во овој текст има **„слика со зборови“ – ОПИШУВАЊЕ.**



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Додека опишуваме, користиме зборови со кои ги откриваме: изгледот, формата, големината, бојата, градбата или нешто друго на некој предмет, суштество, природна појава, објект и др.

- За да може да опишеме некое суштество треба прво да го набљудуваме, па да откриеме или да воочиме негови карактеристики.



- Според дадениот план опиши едно животно.

Најдобро и најлесно ќе опишеш животно за кое се грижиш или почесто го гледаш.

ПЛАН ЗА ОПИС

- име на животното;
- големина;
- надворешен изглед;
- начин на живот;
- посебни особини;
- грижа за животното;
- заемна љубов.

Нацртај го избраното животно!

Според следниов план опиши го својот најдобар другар или својата најдобра другарка, а потоа нацртај го/ја во својата тетратка.

- надворешен изглед;
- особини;
- постапки;
- чувства;
- способности.






Читај го текстот во себе, а потоа провери колку си го разбрал прочитаното!

БОИТЕ НА ЕСЕНТА

Есен е. Ни доцна, ни рана. Само што не паднала првата слана. По гранките на дрвјата сè уште овошни плодови висат. Едни – жолти, други – црвени, но сите опојно мирисаат.



– Леле, ама си жолта! – едно јаболко на дуњата ѝ рече.

– Сигурно си болна. Од гранката, чинам, ќе паднеш до вечер...

– Јас, болна!? – дуњата навредено врати. – И потешка и поздрава сум од тебе барем десетина пати! Поцрвена од мене, гледам, ти си... Но бојата не одредува кој колку на дрвото ќе „виси“!

А една круша наесен што зрее, слушна што зборуваат па почна да се смее...

– Во животот – им рече – ништо вечно не е. Само сонцето за сите нас подеднакво грее! Но секое годишно време си има своја боја... Зелената е на пролетта, жолтата е на есента, а бело сè е во зима! Бојата, пак, на летото на ниту една друга слична не е... Речиси не се ни гледа, а сите топло нè грее...

Во тој миг оттука три дечиња минаа...

– Леле, колку се зрели – викнаа. И сите три ги скинаа.



ОДГОВОРИ




- Колку ликови се споменати во текстот?
  а) три б) пет в) шест
- Наброј ги сите ликови во текстот.
- Во кое годишно време се случува дејството во текстот?
- За што разговараат ликовите?



Пронајди ги и препиши ги реченициите што ги опишуваат БОИТЕ НА ЕСЕНТА!

Опиши ги овошните плодови ДУЊА, ЈАБОЛКО И КРУША.







РАЗЛИЧНИ, А СЕПАК ИСТИ

Се огласи училишното ѕвонче и за неколку мига на вратата се појави наставничката, а зад неа една мајка со својата ќерка. Разговорот на учениците стивна, а љубопитните погледи беа вперени кон девојчето. Наставничката рече:

– Добар ден, дечиња! Да ѝ посакаме добредојде на новата ученичка!

Се слушна хорско „Добре дојде!“ – гласовите се разлеваа низ училницата.



– Ова е Јована! Досега таа ги совладуваше училишните градива од дома заедно со својата мајка. Не можеше редовно да посетува настава, затоа што беше спречена поради нејзината здравствена состојба. Но сега веќе се направени пристапни рампи за влез во училиштето. Така, Јована ќе може редовно да доаѓа во училиште и да учи заедно со вас. Можеби навидум таа ви изгледа различно, но едно да запомните, таа е иста како вас! – рече наставничката.

Сите почнаа да потврдуваат со главите. Се гледаа подадени раце, секој сакаше да ја прифати Јована. Од тој ден сите почнавме да ѝ помагаме на Јована во училницата, во училишниот двор, во холот... едноставно таа стана дел од нас. Таа со своето мило лице, со својата едноставност и трудољубивост нѐ освои сите. Денес сите сме среќни што знаеме како да живееме и да се почитуваме.

„Едноставно различни, а сепак исти“.

Извадок од книгата „Децата од моето училиште“

Јадранка Клисарова

ОДГОВОРИ



- Од кои причини Јована не посетувала училиште?
- Како ја разбираш реченицата „Но сега веќе се направени пристапни рампи за влез во училиштето“?
- Како го оценуваш однесувањето на децата од одделението опишано во текстот?
- Дали познаваш лице со некаков вид попреченост? Како се однесуваш кон таквите лица?
- Која е пораката од текстот?
- Објасни како ја разбираш последната реченица од текстот.

ОДГОВОРИ



„Ова е Јована! Досега таа ги совладуваше училишните градива од дома заедно со својата мајка. Не можеше редовно да посетува настава, затоа што беше спречена поради нејзината здравствена состојба.“

Напиши какви чувства побудува кај тебе овој дел од текстот? Сподели го напишаното со другарчињата.



Раскажи настан од секојдневниот живот што е сличен на содржината на текстот „Различни, а сепак исти“.

Доколку не си бил/а во слична ситуација, тогаш напиши состав на тема „Различни, а сепак исти“.

ПОТВРДНИ И ОДРЕЧНИ РЕЧЕНИЦИ

Миа **сака** да тренира фудбал.




Миа **не сака** да тренира фудбал.

Никола сака да игра тенис.
Децата се на училиште.
Птиците одлетаа на југ.
Пчелките слетаа на цветот.

Никола не сака да игра тенис.
Децата не се на училиште.
Птиците не одлетаа на југ.
Пчелките не слетаа на цветот.

Во првиот пример со реченици се потврдува нешто, додека во вториот пример истото се одрекува со зборчето „НЕ“.



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Оние реченици со кои **СЕ ПОТВРДУВА** нешто се викаат **ПОТВРДНИ РЕЧЕНИЦИ.**

Оние реченици со кои **СЕ ОДРЕКУВА** нешто се викаат **ОДРЕЧНИ РЕЧЕНИЦИ.**

ВЕЖБАЈ



Од следниве потврдни реченици, направи одречни!


1. Моите патики се нови.
2. Горазд ја изеде бананата.
3. Брат ми се вика Ѓорѓи.
4. Мајка ми работи во полиција.
5. Ина вчера беше во Прилеп.



Напиши пет потврдни и пет одречни реченици во својата тетратка!



ВООБРАЗЕНАТА ТОЧКА



На страницата од тетратката за домашни задачи се сретнаа две точки. Не точки од некој сок или од остатоци од чоколадо. Тие повеќе би се нарекле дамки, што ги има по многу тетратки. Разбирливо. Кога се пишува домашна задача, истовремено се пие и се јаде, па – се случува и страницата од тетратката да добие некој свој заслужен дел. Овие се писмени точки, зашто специјално се описменети да служат во редовите во книгите, весниците, писмата и слично.

– Добар ден, – ѝ вели едната точка на другата.

– Добар ден, – малку дрско одговара другата, – и тргни ми се од патот. Гледаш дека имам многу работа.

Првата точка што да види?! Нејзината сосетка трча и се лепи зад секој збор, а не само од крајот од реченицата. Така сакала таа. Сака да заседне зад секој збор, како кралица на престол. А еве како изгледа тоа. Во тетратката за домашни работи, со зададен наслов – „Моето најомилено домашно животно“, составот почнува вака: „Моето. Најомилено. Домашно. Животно. Е. Мачето. Него. Јас. Го. Викам. Маци...“

Ете, замислете си каква дрскост! Не оди тоа така секаде да се истопориш. Ќе го посрамоти ученикот. Си има ред во пишувањето. Се знае кај им е местото на точките, на запирките, на големите букви. Би требало да изгледа вака: „Моето најомилено домашно животно е мачето. Него јас го викам Маци...“

Вообразената точка гледа дека таа е отстранета од многу места. Не ѝ е баш најдраго, ама што да прави. Вели:

– Добро, добро... ќе размислам.

Убаво е да се размисли. Понекогаш и вообразените може да си ја поправат грешката.

Цане Андреевски

ПОТСЕТИ СЕ



Набroј ги интерпункциските знаци што ги знаеш.
Како и каде се користат?


ДВЕ ТОЧКИ И ЗАПИРКА ПРИ НАБРОЈУВАЊЕ

Лидерот на групата кампери напишал известување за тоа што треба да понесат камперите со себе на кампување.

Известување!
Секој кампер треба да носи:

компас, капа, ранец, стол, џебна светилка и мапа





ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Две точки (:) се пишуваат пред набројување, а зборовите што се набројуваат се одделуваат **со запирка (,).**



Според илустрацијата, напиши реченица и примени ги правописните правила при набројување.

_____

_____

_____

_____



ВЕЖБАЈ

Во реченицата се изоставени двете точки и запирките. Препиши ги во својата тетратка и правилно употреби ги интерпункциските знаци (:) и (,).

Од чантата извадете ги тетратката гумата моливот дрвените боички фломастерите и триаголникот.

Слушај внимателно и обиди се да одредиш колку реченици има во секој дел од текстот.

Кажи **ТОЧКА** онаму каде што завршува реченицата.

ТУФЕ ЏИНКАТА

Неговиот физички изглед би можел да се опише вака: Ниту е висок, ниту е низок, ниту е дебел, ниту е слаб, ниту е умен, ниту е лош...

Туфе е екстра лута џинка, односно во лутината му нема рамен, не само во Чушковград, туку и во државата Чушка, па и на планетата Феферона. Таквите како него, најмногу страдаат, оти никој не може да им ја разбере лутината. Најчесто страдаат од најблиските по род, таткото и мајката.

Колку реченици има во овој дел од текстот?



Тоа го натера еден убав сончев ден да ги напушти сите оние што не сакаат да ѝ веруваат и да ја негуваат неговата „екстра“ лутина. Налутен до немај-каде си ја здувна од дома.

„Како може да не се негува лутината на дете што се лути непрестајно. Се лути од рано наутро, до доцна навечер, а може и подолго. Сѐ зависи од должината на денот и ноќта“ – си размислуваше Туфе бегајќи од дома.

Колку реченици има во овој дел од текстот?

Никој не му веруваше дека може да победи во сите натпревари што се организираа за избор на најлутото дете на планетата Феферона. Не му веруваа, а тој постојано повторуваше дека може секој да има дарба за лутење.

Не негираше дека има многу лутаџии, но тврдеше дека сосем малку се со дарба за лутење. Беше убеден дека токму тој го има најважното – талентот за лутаџија, кој може да се забележи кај многу малку деца на планетата Феферона, во галаксијата Низа од чушки.

За Туфе Џинката може да се каже дека го лути, не само тоа што не ја разбираат и не ја негуваат неговата лутина, туку тоа што не го применуваат животното правило што гласи: „На талентираните деца треба да им се помага“.

Колку реченици има во овој дел од текстот?

Трајче Кацаров



Со своето другарче обидете се да составите прашања што започнуваат со дадените прашални зборови.

Запишете ги во вашите тетратки, а потоа одговорете ги.





Опиши како ја замислуваш галаксијата Низа од чушки, планетата Феферона и жителите што живеат на неа.

_____

_____


_____

_____

_____

_____

_____





ЗРНО ПО ЗРНО – ПОГАЧА



Јас сум она житно растение без кое исхраната на луѓето не може да се замисли!

Дали претпоставуваш за кое растение станува збор?

Кажете сами:

– Кој од вас денеска дошол гладен на училиште?

– Може ли работникот гладен да ракува со големите машини во фабриките?

Не. Јас ја создавам силата и енергијата на човечкиот организам.

Без мојот леб, исхраната на човекот би била еднолична и нецелосна. Просто кажано: тој без мене не би можел да живее! Моето име го изговараат илјадници усти.

Кој зборува во текстот? Што дозна од прочитаното?

Па штом е така, да се запознаеме:

Јас растам на рамно и плодно земјиште, претежно по низините, по котлините и долините, крај реките. Човекот знае што значам јас, па затоа и се грижи секоја година да ме посее на што подобро место, да одгледа што подобро семе и да добие поголем род.

Набroј што сè дозна од овој дел од текстот?

Освен лебот, од моето брашно се прават разни слатки и колачиња, а моето стебло, како слама, служи за исхрана на добитокот.

Киро Донев


НОВИ ЗБОРОВИ

- **низина** – ниско рамно место;
- **котлина** – рамнина опкружена со планини;
- **долина** – вдлабнат простор, обично, по текот на реката.

ЧЕКОР ПО ЧЕКОР – КОЛАЧИ

Внимателно разгледај ги сликите. Запиши ги броевите од 1 до 9, така што ќе ја прикажеш постапката за правење колачи чекор по чекор, од почеток до крај. Потоа, редоследно за секоја слика напиши по една реченица.











За да направиме колачи, најпрвин треба...

_____

_____

_____

_____



ЏУЏИЊАТА



Многу одамна живеел некој чевлар, кој без своја вина го изгубил богатството и му останало само едно парче кожа колку за еден пар чевли. Пред стемнување од парчето кожа отсекол колку што му е потребно за едно рало и се подготвил за утрешниот ден за работа. Се помолил на Бога, потоа со мирна совест легнал во постелата и заспал.

Следното утро се помолил и кога сакал да седне да поработи, на неговата маса видел целосно завршени чевли. Многу се зачудил и не знаел што се случува. Ги зел да ги види одблизу и имало што да види. Чевлите биле совршено направени. Вистинско мајсторство.

Набргу во неговиот дуќан влегол некој купувач и затоа што му се погодиле чевлите за нив платил и повеќе од што чинеле, а чевларот со тие пари можел да си купи кожа за две рала чевли. Таа ноќ, како и секогаш, пред легнување се подготвил за утрешниот ден, ја исекол кожата за двете рала и легнал да спие. Кога станал чевлите биле ставени на масата, па и тој ден купувачите му дале толку многу пари што можел да купи кожа колку за четири пара чевли. Она што навечер ќе го подготвел, наредниот ден веќе било направено, така што набргу почнал многу да заработува и се збогатил.

Една вечер пред Божиќ, си работел, си сечел од кожите, и пред спиење ѝ рекол на жена си:

– А, да останеме будни? Да бдееме и да видиме, кој ли толку скришум, но љубезно ни помага?

Жена му се согласила, ја запалила ламбата, се скриле во аголот и со нетрпение чекале да видат што ќе се случи. Кога часовникот удрил на полноќ се појавиле две мали, дробни и сосема голи човечиња, седнале покрај масата на чевларот и со своите прсти толку вешто дупчеле, вртеле, шиеле што чевларот не можел да поверува и не можел да се начуди. Не престанале да работат дури не ја завршиле сета работа, а потоа сосема смирено си отскокале.

Утредента жена му рекла:

– Малите човечиња ни помогнаа да станеме богати и затоа мора да им се заблагодариме. Бездруго им е студено, штом голи трчаат наоколу. Знаеш што? Ќе им сошијам кошулки, палтенца, панталончиња и секому ќе му исплетам по едно рало чорапчиња, а ти направи им чевличиња.

– Со задоволство – рекол чевларот.



Приквечер, кога се подготвиле, на масата наместо кожата за шиење чевли, тие ги оставиле подароците и се скриле за да видат што ќе се случи.

На полноќ џуџињата дошле и кога сакале да се фатат за работа виделе дека наместо кожата оваа ноќ имало прекрасна облека токму како за нив и се зачудиле, но бргу се развеселиле. Скокале и танцувале по сите столчиња и клупи и конечно танцувајќи излегле низ вратата. Никогаш повеќе не се вратиле, а на чевларот му одело од рака што и да фател да работи.

Браќата Грим



ОДГОВОРИ



1. Каков вид литературен текст е „Џуџињата“?
   а) бајка б) басна в) расказ г) драмски текст
2. За кого се зборува во овој текст?
3. Кој ги завршувал чевлите секоја ноќ?
4. Како им се заблагодарил чевларот на малите човечиња?
5. Што е нереално во овој текст?
   а) Подароците што ги направила жената на чевларот.
   б) Џуџињата што ги изработувале чевлите.
6. Која е пораката од овој текст?



СНЕГОТ НОСИ РАДОСТ

Три девојчиња, три другарки многу го сакаа снегот. Но него сѐ уште го немаше.

– Ајде да сонуваме за првиот снег! – предложи првото. – Толку го сакам...

– И јас! – прифати второто.

– Тој носи радост.

Третото девојче се подзамисли. – Нас можеби ќе нѐ израдува... – рече. – Но сите не му се радуваат.

– А кој е тој што не го сака? – праша првото. – Има ли таков?

– Освен тебе! – прекори второто. – Ти, ете, не го сакаш...

– Јас!? Не е вистина... – се побуни третото.

– Но што е со дивите животни? А, со птиците што останууваат овде да презимат?

Сите девојчиња се подзамислија.

– Имаш право... – се согласи првото. – Тие не го сакаат...

– И ќе водат тешки битки со гладот... – прифати и второто.

– Нема да им биде лесно.

– Но тука се и луѓето... – ги потсети третото.

– Да им помогнат да презимат. За да не умрат од глад. А и ние децата сме со нив...

Трите девојчиња продолжија будно да го сонуваат доаѓањето на првиот снег. Си замислуваа дека на дланките им слетуваат живи ѕвездички. Сонуваа ширни полиња и дрвја покриени со снегови.

И диви животни и птици, но среќни од грижата што им ја укажува човекот. Убаво беше да се сонува. Но и да се остане буден кога ќе затреба. Кога ќе дојде снегот...

Горјан Петревски



ОДГОВОРИ



- Во кој период од годината се случува настанот во расказот?
- Колку ликови сретна во овој расказ? За што разговараат ликовите?
- Кое девојче размислува најразумно?
- Дали другите две девојчиња се согласиле со третото девојче? Дали ти се согласуваш? Зошто?
- Размисли за снегот. Дали тој е потребен и корисен или ѝ прави штета на природата? Објасни го своето размислување.

ЗАПИШИ ГИ СВОИТЕ РАЗМИСЛУВАЊА

- Овој расказ ме натера да размислувам за...
- Од овој расказ научив...
- Пораката од овој расказ е...



ВЕЖБАЈ



За следниот час подгответе се за читање по улоги:
три деца и раскажувач.

Вежбај изразно да ја читаш својата улога.
Тоа значи дека треба да научиш да ги приспособиш тонот, интонацијата и стилот на зборување според напишаното во текстот. Во тоа ќе ти помогнат интерпункциските знаци.

ДВЕ ЕЛИ

Две ели, две сестри израснале заедно. Високи, тенки и убави со темнозелени иглести гранчиња. Птиците слетувале на нив и се нишале како на најубава нишалка.









Една зима кога поминувал дрвосечачот, едната ела му рекла:

– Те молам, добар чичко, исечи ме, овде ми е многу здодевно! Сакам да ми се восхитуваат на убавината и богато да ме накитат и украсат. Сакам да бидам свечена новогодишна елка.

Замавнал дрвосечачот со секирата и елата веднаш се нашла долу. Таа била многу среќна затоа што почнува нов живот. Кога требало да ја однесат, ѝ рекла на својата сестра:

– А ти мила, зар не одиш со мене? Ајде, ќе бидеме новогодишни елки!

– Благодарам, сестричке, оди сама. Мене овде ми е добро – ѝ одговорила сестрата.

– Те молам чичко, не сечи го моето стебло, сакам да останам овде! – му се обратила на дрвосечачот.

Дрвосечачот ја продал елата в град. Луѓето што ја купиле ја накитиле и цела новогодишна ноќ играле околу неа. Елката била неизмерно среќна.

Но нејзината среќа траела кратко. По неколку дена луѓето ја фрлиле, а таа се смрзнувала, се сушела, така полека ѝ гаснел животот.

А елата што останала во гората ја преживеала зимата. Напролет околу нејзиното стебло весело заскокале зајачиња, а на гранките слетувале птици и се нишале како на најубава нишалка од сончеви бои. Уште многу години елата блескала со својата убавина, а кротки срни доаѓале до неа да го напојат својот поглед со грст сончевина.



Велко Неделковски

ОДГОВОРИ



- Кој е главниот настан во текстот „Две ели“?
- Какви биле двете ели?
- Каква желба имала првата ела?
- Што го замолила втората ела дрвосечачот?
- Што се случило со првата ела откога ја украсиле како новогодишна елка?
- Што се случило со втората ела?
- Која е пораката од овој текст?
- Опиши ги двете ели!

ТЕХНИКА 3, 2, 1 **Наслов на расказот: Две ели**

3. Работи што ги научив...	
2. Работи што ме интересираат...	
1. Каде ќе го користам тоа што го научив?	

И ДЕДО МРАЗ ГРЕШИ

УЧЕСТВУВААТ: Раскажувач, Дедо Мраз и Сообраќаец
СЦЕНА: Крстосница среде град на која има семафор и пешачки премин. Дејството се случува на новогодишната ноќ.
РАСКАЖУВАЧОТ: (Излегува на сцената. Кон публиката).
Ита, брза Дедо Мраз во полноќен зимски час! Снеже вее, ветар коси, а тој сегде дарови носи. Моторчето бревта, бучи и... пссссст! Гледајте што ќе се случи!



ДЕДО МРАЗ: (Кон публиката). Леле, леле, лелее, колку многу ве има!
Зар не се плашите од страшната зима?! Не? Е, браво, бравооо!
Сте се собрале тука заедно да ја пречекаме Новата година, нели?
Добро е, ако... Нека... Чекајте ја, а јас си одам, зашто уште долг пат ме чека!
(Дедо Мраз го „пали“ моторчето, брчи и тргнува. Но во тој миг, на сцената се појавува сообраќајниот полицаец. Тој остро свирнува со свирчето. Му дава знак да застане.)
ДЕДО МРАЗ: (Се прави дека не го гледа, сака да си замине). Бррр-бррр-бррр... Ајде бре моторче, брзај. Вечерва нема мраз, а доцнам цел час! Треба од место на место да се селиме – подароци насекаде да делиме!
СООБРАЌАЕЦОТ: (Вика). Еј, дедо! Каде брзаш, чекај!
ДЕДО МРАЗ: (Збунет). Што велиш, што велиш, чедо? Викни малку посилно, слабо слуша дедо...

СООБРАЌАЕЦОТ: (Вика). Велам дека ја претера, дедо! Во градов секој си го знае редот! Те видов како возиш. По улицата, чиниш леташе, а сите овде видоа дека семафорот црвено светеше!

ДЕДО МРАЗ: Можеби е така, дете младо... Ама вечерва јас сум првпат во градов... Гледам – сегде свети. Чиниш градот гори... Кој да гледа – знаци и семафори?!

СООБРАЌАЕЦОТ: На улиците, дедо, не се случајни знаците. Треба да ги почитуваат и возачите и пешаците! Семафорот не признава никакви грешки, без разлика дали возиш, или одиш пешки!

ДЕДО МРАЗ: Добро де... ако е така, признавам, згрешив... И грешката ќе си ја платам, нека... Само те молам, чедо, не задржувај ме... Верувај ми, најискрено ти велам, на децата треба – подароци да им делам!

СООБРАЌАЕЦОТ: Е, штом е така, ќе ти простам. Казна нема да платиш, но пред да пристигне Новата година – кај секое дете да свратиш! Да му ја однесеш среќата, само внимавај, дедо, по пат, да не си ја загубиш вреќата!

Киро Донев

ОДГОВОРИ



- Каков е според видот овој литературен текст?
- Кои улоги се застапени во текстот?
- Опиши ги ликовите, нивните особини и постапки.
- Одреди го главниот настан во текстот.
- Научи изразно да ја читаш улогата што ќе ја добиеш.

ОДГОВОРИ



Дали сообраќајниот полицаец постапил правилно зашто му ја простил казната на Дедо Мраз?
Како би постапил/постапила ти?



КРИЛЕСТИОТ КОЊ



Во земјата Небесија тој беше единствениот крилест коњ. Бел, убав, со две крилја, а спиеше легнат над највисокиот и најтемниот облак на небото. Таму мислеше дека е најсигурен и најневидлив. Во пролет пасеше само росна трева што растеше на Бистра планина, во лето јадеше само зрел и сув јачмен од Бело поле, во есен одбираше само зрели плодови од Крајезерски градини, а во зима зобеше само ‘рж од Сончева долина.

Тоа го правеше исклучиво ноќе, по полноќ, за никој да не го види, а можеше да се слушне само неговиот топот и да се почувствува ветерот што го создаваше неговиот лет. Толку беше брз што многумина мислеа дека е молња, а толку беше силен што сите помислуваа дека е гром. Единствено децата не се плашеа од него. Често стоеја залепени со носињата на стаклата од прозорците и чекаа да долета Белиот крилест коњ и барем еднаш да го видат.



Највљубено во Крилестиот коњ беше девојчето Солза што беше болно и неподвижно лежеше во својот кревет. Тоа навечер ќе ги скрстеше рачињата и се молеше кај неа да дојде Крилестиот коњ и барем за миг да го види преку прозорецот. Една зимска ноќ, кога надвор сè беше послано со снежна белина и убавина, одеднаш девојчето Солза слушна некое гласно ’ржење и тивко потчукнување со предните копита на стаклото од прозорецот. Девојчето толку многу се возбуди и израдува кога ја здогледа белата грива на преубавиот Крилест коњ, што заборави

дека не може да се движи, па скокна од креветот и ширум го отвори прозорецот. Тогаш го почувствува топлиот здив на Крилестиот коњ, иако надвор беше вистинска зима и секаде царуваше студ и мраз.

Крилестиот коњ се доближи со грбот до самиот прозорец, Солза пречекори со ножињата на црвеното кожно седло, се наведна нанапред и се фати со двете рачиња за белата грива. Крилестиот коњ замавна со двете крилја и за миг летнаа заедно кон небеските височини. Солза никогаш дотогаш немаше видено толку многу белина на небото и на земјата.



Срцето ѝ трепереше од преголема возбуда и силна среќа, а Крилестиот коњ моќен како гром и брз како молња леташе, леташе, леташе сè повисоко и повисоко, додека не забележа дека Солза премногу се плаши и ги стиска и ноџињата и рачињата. Крилестиот коњ ја спушти главата и се устреми надолу за побрзо да ја врати Солза дома без никој да забележи дека ја нема во нејзината детска соба, а прозорецот беше ширум отворен...

Беше тоа најубавиот новогодишен подарок за неа.

Христо Петрески

ОДГОВОРИ



- Каков вид литературен текст е „Крилестиот коњ“?
- За што се зборува во текстот?
- Опиши како изгледал Крилестиот коњ. Каде живеел? Како се хранел?
- Кој имал најголема желба да го види Крилестиот коњ? Зошто?
- Опиши го ликот на Солза.
- Какви чувства побуди кај тебе оваа бајка?

Раскажи усно за своите необични желби и соништа!

НОВОГОДИШНИ ЖЕЛБИ

Кога последните денови
од старата година се бројат,
во срцево мое како јата
илјадници желби се појат.

Нека Новата година,
штом стапне и почне да царува,
на сите луѓе во светот
среќа и мир им дарува.

Нека во Новата година
милите мама и тато
ги служи најдобро здравје
и чист да им биде патот.

Нека за птиците мили
се згнездат безброј гнезда,
и нека пред секое дете
засветка сјајна ѕвезда.

Нека и пчелките вредни
ги послужи време и среќа,
а полето килим да биде
од бујно жито и цвеќе.

И нека, и нека, и нека
сѐ цвета и сѐ живо роди,
и нека Новата година
кон успеси нови нѐ води.

Глигор Поповски

NOVA GODINA

Točno na polnoќ,
štom strelkite se spojat,
Nova godina se slavi,
sekundi veќe ne se brojat.

Na site ploštadi
ognometi na nebo svetat.
Nova godina se slavi
milioni želbi se pletat.

Da sme živi i zdravi
vo godinata što ide!
Posakuvame na site
posreќna da ni bide!


Eli Makazlieva



ОДГОВОРИ



- Колку строфи има во песната „Новогодишни желби“?
- Дали сите делови од песната имаат ист број редови?
- Дали во редовите има парови од зборови што завршуваат со исти или со слични слогови? Пронајди каде се наоѓаат тие. Дали тие полесно се запомнуваат?



Дадените зборови ќе ти помогнат да напишеш стихови за Новата година. Од нив одбери десет и организирај ги во стихови што ќе имаат смисла и значење. Ќе бидеш автор на својата лична творба!

дланка	среќа	стаса	влезе	кратко
санка	вреќа	бјаса	слезе	слатко
желби	тато	дојде	сјае	бел
делби	бато	оjде	трае	смел





БИДИ КРЕАТИВЕН

Направи новогодишна честитка и напиши содржина во која ќе му посакаш најубави желби на своето другарче!

ОВА Е ПРИКАЗНА НОВА

Ова е приказна нова...
Татко ми санка ми скова,
мајка ми шалче ми сплете
– сега сум најсреќно дете!

Погледот сегде ме води,
желбите радост ги плоди,
во мене смеа се вири,
срцето расте, се шири!

Ова е приказна нова...
Татко ми санка ми скова,
со неа јурам низ снегот
и сам се спуштам по брегот.

Ова е приказна нова...


Стојан Тарапуза

ОДГОВОРИ



- Кој е автор на песната?
- Пронајди ги римуваните зборови!
- Опиши како ги разбираш овие два стиха:
  „во мене смеа се вири,
  срцето расте, се шири!“
- Илустрирај ја строфата што ти остави најубав впечаток!

РАСКАЖУВАЊЕ



За што сè може да раскажуваме? Размисли за некое свое доживување и раскажи им го на своите другарчиња.

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ



Кога кажуваме за нешто што сме го доживеале, тогаш ние **раскажуваме**. Раскажувањето треба да се одвива по **определен редослед на настаните**. Може да раскажуваме **скратено** или **опширно**.

Раскажувањето може да биде:

- Раскажување по доживеан настан;
- Раскажување по слика или по низа слики;
- Раскажување по дадени зборови;
- Раскажување со даден почеток;
- Раскажување со даден крај.

Според сликава раскажи интересна приказна! Потруди се твоето раскажување да биде јасно и возбудливо. Смисли и наслов!



Продолжи да раскажуваш по дадениот почеток!

Во детската соба, до прозорецот седеше Антонија. Таа натажено гледаше како си играат нејзините другарчиња. Беа наредени во круг и си подаваа топка. Наеднаш слушна звук, тоа беше звукот на ѕвончето од вратата...

Напишан е крајот на приказната. Осмисли ги настаните од почетокот до крајот на приказната и раскажи ги!

Дарко и Беки беа пресреќни бидејќи му помогнаа на загубеното маче.

Напиши состав употребувајќи ги следниве зборови: волшебник, шума, деца, ноќ, куќичка, магија, другарство.

РАСКАЖУВАЊЕ ПО СЕРИЈА СЛИКИ



- Раскажи што гледаш на секоја слика!
- Внимавај на редоследот на настаните!
- Напиши состав, но не заборавај да му дадеш наслов!
- Пишувај на латиница.











ЧЕСЕН ЗБОР



Идниот ден на бабата ѝ беше роденден, па Марко и татко му тргнаа по продавниците да купат подарок. Влегуваа од продавница во продавница, разгледуваа секакви подароци, размислуваа, се договараа и на крајот решија да ѝ купат топли црвени влечки. Продавачката им ги завитка влечките во шарена хартија и тие двајцата тргнаа да си одат дома.

Одејќи така, таткото рече:

– Марко, можеш ли да ми дадеш чесен збор дека до утре на баба ти нема да ѝ кажеш што сме купиле?

За Марко тоа не претставуваше којзнае колкава тешка работа, зашто чесен збор тој можеше да одржи, и затоа рече:

– Чесен збор, тато, нема да ѝ кажам на баба за ништо на светот. Разговарајќи така стигнаа до дома. Но уште од самата врата, бабата постојано погледнуваше во Марко со прашален поглед. Марко не можеше да издржи и рече:

– Бабо не смеам... на тато му дадов чесен збор, инаку веднаш ќе ти кажев дека за роденден ти купивме црвени влечки. На тоа, бабата се насмевна и рече:

– Марко, штом си дал чесен збор, тогаш навистина не смееш да ми кажеш дека сте ми купиле црвени влечки. А толку многу сакам да знам што е подарокот, но сеедно, ќе почекам до утре.

Вера Бужаровска

ДА РАЗГОВАРАМЕ

ОДГОВОРИ



- За што се зборува во текстот „Чесен збор“?
- Каде се случува настанот? Кога се случува настанот? Кои се ликови во текстот?
- Дали Марко си го одржал дадениот чесен збор? Зошто?
- Која е пораката од овој текст?
- Раскажи дали си имал/имала слична случка во која не си го одржал/одржала дадениот збор.

ШТО САКАМ, А ШТО НЕ САКАМ?

Секое дете има свои омилени и неомилени предмети, ликови од сказни или цртани филмови, игри, храна...

Во следнава табела, од едната страна се дадени неколку примери што може да ги **САКАШ** или **ДА НЕ ГИ САКАШ,** а од другата страна е дадено празно поле во кое треба да напишеш што ти е омилено од таа група и да **ОБРАЗЛОЖИШ** зошто го сакаш или не го сакаш тоа.

Заокружи што сакаш, а прецртај што не сакаш.



Најмногу сакам да јадам _____ затоа што...

Не сакам да јадам _____ затоа што...



Омилена игра ми е...



Мојот омилен лик е...



ПРЕРАСКАЖУВАЊЕ

ЗЛАТНАТА ПТИЦА

Еднаш многу одамна си бил еден крал што имал прекрасна градина зад дворецот. Во неа растело едно стебло што раѓало златни јаболка. Кога узреале јаболката, ги пребројиле, но веќе следното утро едно недостигало. За ова бил известен кралот, кој наредил секоја ноќ под дрвото да се стражари.

Јакоб и Вилхелм Грим

Извадокот од бајката „Златната птица“ е прераскажан.



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Може да прераскажуваме случки, текстови, филмови, бајки, басни и приказни. Додека прераскажуваме ги пренесуваме настаните по точен редослед без да додаваме измислени работи.



Овој краток текст е раскажан, обиди се да го прераскажеш!

Беше обична и тивка летна ноќ. Безброј ѕвезди го красеа сјајното небо. Птиците ја пееја својата летна песна. Штурчињата весело свиреа, а бувот мудро размислуваше, стоејќи на една гранка. Од далечина светеше златната месечина и создаваше вистинска магија.

Била обична и тивка летна ноќ. Безброј ѕвезди го краселе сјајното небо...



Proveri kolku go razbiraš pročitanoto!

NEVNIMATELNA IGRA



Decata otidoa vo školskiot dvor. Počnaa da trčaat i da vreskaat kako da se vo nekoja planina kade što nikoj nema da gi slušne. Se trkalaa vo snegot, go frlaa nagore so racete, a toj im paǵaše vrz licata. „Borbata“ so snežni topki započna. Decata trčaa bez da gledaat vo koj pravec se dvižat. Se odnesuvaa kako nikogaš vo životot da ne dobile nikakov sovet. Ne zabeležaa deka izlegoa od školskiot dvor i počnaa da trčaat po ulicata. Odednaš celata igra i vreva ja prekina silen tresok.

Eden crven avtomobil izleta od patot i se udri vo dzidanata ograda pred učilište-to. Do avtomobilot ležeše Simon. Decata preplašeni se strčaa kon mestoto. Eden voz-rasen čovek im pristapi na decata i im reče da svrtat 194 i da povikaat brza pomoš. Toj im kaža deka e lekar vo penzija i im posoči na decata deka vo vakvi slučai ne treba ništo da dopiraat.

Za kratko vreme stigna ambulantnoto vozilo. Lekarite i sestrite vnimatelno gi vnesoa povredenite vo nego. Lekarot smireno im se obrati na decata i im reče deka sè ḱe bide vo red. Sirenata zasvire i za kratko vreme ambulantnoto vozilo go sne-ma. Decata preplašeni ostanaa da stojat i da gledaat vo mestoto na nesreḱata…

Marija Bogatinovska



ОДГОВОРИ 1. Koi zvuci gi slušna dodeka go čitaše tekstot? Zaokruži!



laenje na kuče	detska smea	zvuk od vozilo
detski vikotnici	silen tresok	čovečki glas
silno plačenje	dzvonenje na dzvonče	sirena

2. Zaokruži spored svoite stavovi i mislenja vo odnos na ovoj tekst.

a) Decata odgovorno se odnesuvale dodeka si igrale na snegot.

DA / NE

b) Normalno e toa što vreskale decata, trčale bez da gledaat kade se dvižat i se mavale so snežni topki.

SE SOGLASUVAM / NE SE SOGLASUVAM

v) Verojatno decata nikogaš ne dobile sovet od vozrasnite kako trebalo da se odnesuvaat.

VERUVAM / NE VERUVAM

g) Koga „go slušnav“ silniot tresok od avtomobilot počuvstvuvav:

LUTINA / STRAV

d) Koga „ja slušnav“ sirenata od ambulantnoto vozilo se počuvstvuvav:

VOZNEMIRENO / LUTO

ǵ) Dokolku jas bev del od ovaa slučka, ќe se čuvstvuvav lut/a na samiot/samata sebe poradi našata nevnimatelnost.

SE SOGLASUVAM / NE SE SOGLASUVAM

3. Dopolni gi zborovite što nedostigaat za da bide **PRERASKAŽAN** tekstot.


Decata _____ vo školskiot dvor. Počnale da trčaat i da vikaat kako da se _____ vo nekoja planina. „Borbata“ so snežni topki _____. Decata _____ bez da gledaat vo koj pravec se dvižat. Tie ne zabeležale deka _____ od školskiot dvor. Odednaš igrata ja _____ silen tresok. Eden avtomobil _____ od patot i se _____ vo ogradata. Do avtomobilot _____ Simon. Za kratko vreme _____ ambulantnoto vozilo. Lekarot im _____ na decata deka sè ќe bide vo red. Decata preplašeni _____ da stojat i da gledaat vo mestoto na nastanot.



FEVRUARKO

Fevruari otvori vrata i gi povika pticite vo jata, da bidat predvesnici na proletta što najbrzo kaj nas ќе doleta.

– Jas sum mesec Fevruarko – рече. Ќе vi dadam na dar eden kalendar.



Da vidite deka moite braќa i sestri imaat 30 ili 31 den i da vidite koj ima rodenden na mojot posleden 28-mi den. A sekoja četvrta godina, koja se vika prestapna, na 29-tiot den e mojot rodenden. Najmalku denovi od site drugi imam, ama, pak, toa so radost go primam. Zatoa što moite denovi se sè pogolemi i podolgo traat, decata ќе gi viknam istražuvanja da pravat. Ќe gi povikam pticite od dalečnite kraišta da se vratat nazad vo svoite živeališta. I celata priroda da se budi i nikoj da ne se čudi što kokičeto ќе pojavi glava i ќе zastane so svojata mominska stava.



Lozarite lozjata ќе gi krojat i denovi ќе brojat, a vo ist den mnogu srca vo svetot vljubeni ќе bidat, prijatelstva ќе se dzidaat.

Ели Маказлиева

НОВ ЗБОР

предвесник – знак, најава на нешто

- Објасни како ја разбираш првата реченица од текстот.
- Кои други предвесници на пролетта ги знаеш?
- Што дозна за деновите во месецот февруари од овој текст?
- Што се случува со денот и со природата во февруари?
- Објасни како ја разбираш последната реченица од текстот.
- Препиши го текстот со ракописна кирилица.

ГАТАНКА

Со фустанче бело –
секој да се чуди!
Цвеќенце смело –
пролетта ја буди!

ВЕЖБАЈ



- Прочитај ја песната „Кокиче“.
- Кој е автор на оваа песна?
- Одреди го бројот на строфи и на стихови.
- Одреди го зборот што недостига во секоја строфа.
- Препиши ја песната на латиница.

КОКИЧЕ

Цвеќе ранопролетно,
цвеќе мило, прво,
на ридот процветува,
крај џбунови и _____.

И додека снежецот,
видик му заградува,
тоа и на студено –
трепери, се _____.

Што ги нема пчелите,
многу не се грижи,
важна вест навестува:
пролетта се _____!

Саво Костадиновски

ближи	радува	дрво


Што научи за кокичето?



РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

Веќе умееш да читаш и да пишуваш со печатните ЛАТИНИЧНИ букви. Сега е време да ги научиш и ракописните латинични букви. На почеток ќе ти биде тешко, но за кратко време ќе се навикнеш.

За секоја ракописна буква од македонското писмо ќе научиш ракописна латинична буква. Некои букви се исти или слични со ракописните кирилични букви и лесно се мешаат. Затоа треба да бидеш многу внимателен, добро да ги научиш сите ракописни латинични букви за да можеш правилно да ги употребуваш. Колку од нив препознаваш?



- Заокружи ги ракописните букви што се пишуваат исто во двете писма!
- Кои ракописни латинични букви се пишуваат исто со печатните?

Во својата тетратка напиши по еден ред од ракописните латинични букви што се пишуваат исто со кириличните ракописни букви и со печатните латинични букви (Aa, Ee, Jj, Oo, Cc и Čč).

РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

Веќе знаеш дека ракописните букви Аа, Ее, Јј и Оо се пишуваат исто во двете писма, а Сс и Čč се пишуваат исто како печатните латинични букви.

М м - M m - Mm И и - I i - Ii

Дали се слични или се различни со ракописните кирилични букви?

M _____

m _____

I _____

i _____

Вежбај пишување на ракописните латинични букви Mm и Ii и во својата тетратка!


Mice


Mia


Ace


Mimi


Ico


čaj

Mice

Mia

Ace

Mimi

Ico

čaj

Mice e moe ime.
Maja e moja mama.
Joce ima maica.

Пишувај по два реда од секоја ракописна латинична буква што ќе ја изучуваш на следните часови. Препишувај ги и реченициите во својата тетратка. Внимавај да пишуваш точно и убаво.

РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

Т т - T t - $\mathcal{T}t$ Н н - N n - $\mathcal{N}n$

Вежбај пишување!

$\mathcal{T}$ ----------

t ----------

$\mathcal{N}$ ----------

n ----------









tato teta tetin nane nota Tino Nate

tato teta tetin nane nota $\mathcal{T}$ino $\mathcal{N}$ate

- Препиши ги зборовите во својата тетратка.
- Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:

$\mathcal{T}$ina ima tetin.

$\mathcal{A}$ntenata e na tato.

$\mathcal{N}$ate i $\mathcal{E}$ma imaat mače.

Состави пет зборови со новонаучените латинични букви!

$\mathcal{A}a$ $\mathcal{E}e$ $\mathcal{O}o$ $\mathcal{J}j$ $\mathcal{C}c$ $\mathcal{Č}č$ $\mathcal{M}m$ $\mathcal{I}i$ $\mathcal{T}t$ $\mathcal{N}n$

Препиши на ракописна латиница:

Нина, Тане, Цане, мече, јачмен, чинија, антена, јачина

Цецо е со чичо. Јана има чамец. Антената е на Мане.

РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

C c - S s - Ѕ ѕ В в - V v - Ѵ ѵ

Вежбај пишување!

Ѕ ----------

ѕ ----------

Ѵ ----------

ѵ ----------








nevesta ananas tava Vesna Stevan masa



- Препиши ги зборовите во својата тетратка.
- Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:

Сани има ананас.
Антоанета меси тесто.
Сонај и Јане се со Наста.



Препиши ги на ракописна латиница следниве зборови и реченици:
Вито, Сани, Симе, Невена, место, тесто, стомна, вистина
Вите е со чамецот. Симона е невеста. Санија меси тесто на масата.

РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

K к - K k - 𝒦 𝓀 Ќ ќ - Ќ ќ - 𝒦́ 𝓀́

Вежбај пишување!

𝒦 ----------


𝓀 ----------

𝒦́ ----------

𝓀́ ----------





Kosta Kate koska sveќa kaseta kocka

Kosta Kate koska sveќa kaseta kocka



- Препиши ги зборовите во својата тетратка.
- Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:

Kate ќe mesti kocki.

Kosta ostavi kaseta na masata.

Čičko Kemo e osamen čovek.

Koki ostana kaj kajsijata.

Sveќata sveti sjajno vo nokta.

РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

Д д - D d - $\mathcal{D}$ $\mathcal{d}$ П п - P p - $\mathcal{P}$ $\mathcal{p}$

Вежбај пишување!

$\mathcal{D}$ ----------

$\mathcal{d}$ ----------

$\mathcal{P}$ ----------

$\mathcal{p}$ ----------


Danka


dedo Pande


patka

petka


dete

Danka dedo Pande patka petka dete

- Препиши ги зборовите во својата тетратка.
- Препиши ги на ракописна латиница следниве реченици:

Denica donese pečeni kosteni.
David i Dejan se sankaat.

Од следниве зборови состави реченици и напиши ги на ракописна латиница во својата тетратка.

а) донесе пајка. Давид

б) седи дедо. Дада дома со

в) само има Петко петки.

г) се вода. мие со чиста Даме

Обиди се сам/а да составиш три реченици од досега учените ракописни латинични букви.

РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

Б б - B b - *B b* P p - R r - *R r*

На која кирилична ракописна буква личи ракописната латинична буква *Bb*? Вежбај пишување!

B ----------

b ----------

R ----------


r ----------


Borjan


Rebeka


bor


robot


reka

Borjan Rebeka bor robot reka



- Препиши ги зборовите во својата тетратка.
- Прочитај го и препиши го следниов текст.

Boban e radosen oti ima nov robot. So baba Cveta i dedo Čedo ќe odat na rekata. Ќe si ponese topka i tenis, a sekako i noviot robot. So niv ќe dojde i nivnata sosetka Rebeka. Decata ќe bidat radosni pokraj rekata.



Состави три реченици што ќе ги напишеш со ракописна латиница. Овие зборови ќе ти помогнат: **Borče, čador, ribar, dedo, trenira, dada, rakomet.**

РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

Лл - Ll - $\mathcal{L}\ell$ Уу - Uu - $\mathcal{U}u$

На која кирилична ракописна буква личи ракописната латинична буква $\mathcal{U}u$?

Вежбај пишување!

$\mathcal{L}$ ----------

ℓ ----------

$\mathcal{U}$ ----------

u ----------



Lolita


lale


pčela


lav


uvo


krokodil

Lolita lale pčela lav uvo krokodil

- Препиши ги зборовите во својата тетратка.
- Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:

Laste ulovi osum ribi.

Lenče bere cveќe vo livadata.

Lidija se ladi pod debelata senka.

Ulicata e prepolna so palavi deca.

Состави десет збора во кои ќе ги употребиш печатни латинични букви Ll и Uu.

РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

Г г - G g - Gg Ѓ ѓ - Ǵ ǵ - Gǵ

Вежбај пишување!


Gg

gg

Ǵǵ

ǵǵ





Gabriela Ǵorǵi ǵerdan ǵule gulab gluvče

Gabriela Ǵorǵi ǵerdan ǵule gulab gluvče



- Препиши ги зборовите во својата тетратка.
- Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:

Gulabot doleta na dvoto vo dvorot.
Na Ǵorǵi mu pukna ǵonot na čevelot.
Ǵurǵina i kupi ǵerdan na mama.




Состави пет реченици што ќе ги запишеш со ракописна латиница.
Овие зборови ќе ти помогнат: **Goce, dojde, gradot, Georgina, gitara, grav, Gordana, gotvi, ǵevrek, napravi, baba, Ǵurǵa, sunǵer, mie, baba.**

ВЕЖБИ СО РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

Поврзи ја секоја печатна буква со ракописната буква од латиничното писмо!

k
s
r
b
n



G
L
T
S
D

Следниве реченици препиши ги со ракописна латиница.

a) Nevena ja poleva gradinata.
b) Robert raboti vo Prilep.
c) Dedo nabra polno slivi.
d) Jovanka i Laste se brat i sestra.
e) Lenče jade jagodi i lubenica.
f) Darko ima darba da sviri i pee.

Вежбај да го читаш текстот „Na lekar“. Потоа, слушај го читањето на наставникот/наставничката и пишувај со ракописни латинични букви во својата тетратка.

Na lekar

Loreta e bolna. Ja boli grloto. Ja boli i glavata. So svojot tatko otidoa na lekar. Lekarot ja pregleda i reče deka treba mnogu da se odmora. Reče i deka treba redovno da pie čaj, cedeni sokovi i vitamini i da jade mnogu supa.

Loreta se raduva. Nema da pie nitu sirup, nitu lekovi, a ne dobi nitu injekcii.



РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

З з - Z z - Ζ z Ж ж - Ž ž - Ž ž

По што се разликуваат ракописните латинични букви Ζ z и Ž ž?

Вежбај пишување!

Ζ ----------


z ----------

Ž ----------

ž ----------


Žarko


Zorana


želka


еž


zab


zajak

Žarko Zorana želka еž zab zajak

- Препиши ги зборовите во својата тетратка.
- Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:

Žabite krekaat vo barata.
Zajakot jade zelka i morkov.
Zejne otide kaj zabolekar.
Živkica živee so mnogu životni.

Состави сам/а три реченици од досега учените ракописни латинични букви.

РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

Ф ф - F f - $\mathcal{F}$ $\mathcal{f}$ X x - H h - $\mathcal{H}$ $\mathcal{h}$

Со која ракописна кирилична буква исто се пишува ракописната латинична буква $\mathcal{H}$? Вежбај пишување!

$\mathcal{F}$ ----------

$\mathcal{f}$ ----------

$\mathcal{H}$ ----------

$\mathcal{h}$ ----------



Hana Filip



harmonika



fudbal



harfa



foka

Hana Filip harmonika fudbal harfa foka

- Препиши ги зборовите во својата тетратка.
- Прочитај ги и препиши ги следниве реченици:

Ferdi i dofrli hrana na fokata.

Hristo igra fudbal, a Fatmir hokej.

Hristina ima želba da sviri na flejta.

Состави сам/а три реченици од досега учените ракописни латинични букви.

РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

S s - Dz dz - Dz dz

Ц ц -Dž dž - Dž dž



dzvezda



džip



dzvonče



dzidar



džemper

По што се разликуваат ракописните букви Dz dz и Dž dž?

Dz _____

dz _____

Dž _____

dž _____



- Прочитај го и препиши го текстот во својата тетратка.

Dževdad e dzidar. Toj izdzida visok dzid. Negoviot sosed Dzvonko dojde da mu pomogne. Zaedno rabotat pobrzo. Koga sednaa da večeraat, gordo gledaa vo dzidot, a dzvezdite svetkaa na nebото.

РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА

Poleka no sigurno ja izuči i rakopisnata latinica. Ti ostanaa samo ušte tri bukvi, no tie se slični so izučenite bukvi Ss, L, N i j. Podgotvi se za Šš, Lj lj i Nj nj. Vooči po što se slični, a po što različni ovie bukvi.



ljubov

Ш ш - Š š - J̌ ǰ
Љ љ - Lj lj - Ǉj ǉ
Њ њ - Nj nj - Ǌj ǌ



šišarka



konj

J̌ ----------

ǰ ----------

Prepiši gi zborovite na rakopisna latinica: šal, šapka, šator, šporet, špageti

Ǉj ----------

ǉ ----------

Prepiši gi zborovite na rakopisna latinica: Ljubica, Ljuben, Ljuljzim, ljubezen

Ǌj ----------

ǌ ----------

Prepiši gi zborovite na rakopisna latinica: Njujork, konj, tinja, Sonja, Vanja

ВЕЖБИ СО РАКОПИСНА ЛАТИНИЦА



Напиши го секој збор со ракописна латиница!

кокиче		оџачар	
лебед		снегулки	
слушалки		здолниште	
телевизор		сосвездие	

Препиши ги во својата тетратка следниве реченици со ракописни латинични букви:

a) Čedomir izučuva francuski jazik.

b) Ljubica napravi buket od hrizantemi.


c) Mila saka čaj od hibiskus, a David od šipka.

d) Defne go gleda filmot „Hari Poter i odajata na tajnite“.

Состави краток состав во кој ќе ги употребиш зборовите: утро, прозорец, сончево, излет, јавив, другарчињата, велосипеди, ливада, трева, игри, топка, фудбал, јаже, прегладневме, храна, собравме, отпадот, чисто, убаво.
Пишувај на ракописна латиница.

Реши го крстозборов и открий ги СКРИЕНИТЕ ЗБОРОВИ.

Пишувај со латинични букви!



1. Служи за читање
2. На неа пишуваат учениците
3. Просторија во која учат учениците
4. Од него се учи
5. Со него цртаме прави линии
6. Со него пишуваме на часовите

7. Служи за седење
8. Со неа се пишува на табла
9. Во неа пишуваат учениците
10. На неа се наредени книги
11. Во неа се носат книги
12. Служат за боење
13. Деца што одат на училиште
14. Со неа се брише погрешно напишаното

SKRIENITE ZBOROVI SE _____



Најпознатите планини во Македонија ќе ги запознаеме на еден поинаков посебен – шеговит начин. Имињата на планините се точни, а за сè друго што се кажува за нив, пресудете сами.

ИМИЊА БЕЗ ПРЕЗИМИЊА

Дали **К**ајмакчалан јаде кајмак?

Колку јаблани има на **Ј**абланица?

Од какво крзно **К**ожуф носи кожув?

Каде плови **К**ораб?

Дали **Б**еласица и лете е бела?

Дали **С**копска **Ц**рна **Г**ора и зиме е црна?

Која китка е најубава на **К**итка?

Има ли оси на **О**согово?

Што може да ја замати **Б**истра?

Каде е дедото на **Б**аба?

Од какво дрво е направен **К**араорман?

Можат ли козите да го изедат **К**озјак?

Кои шари се најубави на **Ш**ар **П**ланина?

Зошто **Н**иџе има толку смешно име?

А, пак, **П**лачковица зошто плаче?

НОВИ ЗБОРОВИ

кајмак – масниот слој што се создава со ладење на вареното млеко

јаблан – дрво од фамилијата тополи



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Неколку правила за употреба на голема буква:

- На почетокот од секоја реченица;
- Кога пишуваме имиња и презимиња на луѓе;
- Кога пишуваме имиња на животни, училишта, продавници, болници, улици, плоштади, установи, наслови на книги и весници;
- Празниците, исто така, се пишуваат со голема буква;
- Географските поими (градови, населби, села, планини, реки, езера).

- Зошто некои букви се задебелени и големи во „Имиња без презимиња“?
- Истражувај на интернет кои други планини ги има во нашата држава?

ПЕСНА ЗА ИМИЊАТА

АКО СИ ДРАГАН –

НА СИТЕ БИДИ ИМ ДРАГ.

АКО СЕ ВИКАШ БЛАГОЈ

КАКО МЕД, БИДИ БЛАГ.

АКО СИ ЦВЕТА –

ТРЕБА ДА ЛИЧИШ НА ЦВЕТ,

АКО СЕ ВИКАШ ПЕТКО,

ПЕТКИ РЕДИ СО РЕД.

АКО СИ ИСКРА –

ЗАИСКРИ КАКО ПЛАМЕН.

АКО СЕ ВИКАШ ЗДРАВКО,

БИДИ ЗДРАВ КАКО КАМЕН.

Глигор Поповски



ВЕЖБАЈ



Во оваа песна зборовите намерно се напишани со сите големи букви. Препиши ја песнава во својата тетратка, но внимавај каде ќе употребиш голема буква. Да те потсетиме: правилно ќе постапиш ако секоја нова реченица и секој збор што означува име на лице ги започнеш со голема почетна буква.

- **Поправи ги грешките во следниве зборови и употреби ја правилно големата буква!**

марко, ООУ „страшо Пинџур“, вардар, Охридско езеро, ул. „вардарска“, Шар планина, битола, драчево, Мирјана маркова, брегалница, ул. „Гоце делчев“, ЈП „комуналец“, плоштад „македонија“.



ПАТУВАМ И ИСТРАЖУВАМ

Ајде за викенд или за време на одмор низ Македонија заедно да патуваме. Во градови, села, на езера и планини да летуваме и да истражуваме.

Да научиме каде и какво овошје има, што расте во лето, што се чува во зима.

Ќе тргнеме од Скопје – главниот град: ќе се качиме на Кале, ќе го видиме плоштадот, од Водно ќе го гледаме градот, ќе одмориме покрај Вардар, ќе прошетаме низ Старата скопска чаршија, ќе посетиме многу музеи, цркви, театри, споменици, а ќе појдеме и во Зоолошка градина.

Ќе ги посетиме поголемите градови Велес, Штип, Струмица, Гостивар, Тетово и ќе ги видиме нивните обележја. Потоа, ќе прошетаме низ Виница, Радовиш, Валандово, Пробиштип, Кратово, Крива Паланка, Кочани, Берово, Делчево... Ќе посетиме рамничарски и планински села, турнејата да ни биде повесела и цела: Зрновци, Росоман, Вевчани, Брајчино, Галичник, Лазарополе, Мариово.

Ако навратиме во Крушево, ќе ги видиме Мечкин камен и споменикот Македониум. Во Битола ќе шетаме по Широк сокак, по плоштадот Магнолија, ќе ја видиме Саат-кулата и ќе се качиме на Тумбе кафе.

Ели Маказлиева

ОДГОВОРИ




- Колку ликови има во овој текст?
- Што научи од овој текст?
- Раскажи за места што си ги посетил/а. Кои знаменитости ги виде? Што ти остави најголем впечаток?



- Продолжи да ја истражуваш нашата татковина!
- Не ги заборавај природните езера, најпознатите планини, реки, водопади.
- Истражи и за други градови и села.



КОГА ВЕТРЕТО СЕ НАЛУТИ



Високо горе на планината, со родителите живееше и немирното ветре. Кога мирно, кога палаво, но секогаш знаеше да задува како треба. А во едно утро, уште од ранина, само големиот град сиот беше во темнина.

– Што се случува!? – праша немирното ветре. – Зар таму не е ден!?

– Така ќе биде и на пладнина… Преку цел ден – се загрижи татко му.

– Има многу автомобили, а чадат и оџаци… – објаснуваше мајка му. – Се палат огнови и таму каде што не треба.

– Ќе слезам долу… – посака немирното ветре. – Љубопитен сум…

И одлета во големиот град. И што ќе види – градот во магла и нечистотија.

– Еј, подзапрете малку! – ги искара возачите. – Во вакви денови оставете ги автомобилите. Патувајте со автобуси или велосипеди…

– Брзаме за на работа… – се бранеа тие.

– А и ќе ни студи на велосипеди.

– Добро ќе се облекувате! Подобро така отколку да се задушувате. Потоа отиде кон фабриките со огромни оџаци. Ги искара и нив да намалат со чадот, да стават филтри. Влезе и по домовите, па и домаќините ги прекори да внимаваат со што ќе се топлат преку зимата. А им се развика и на оние што ги палеа контејнерите и депониите за ѓубре. Се раздува насекаде и го исчисти градот. Луѓето беа радосни, а и децата можеа да излезат надвор и да си поиграат.

– Бре луто и лудо ветре! – рекоа бабите. – Мало, но вредно… Алал да му е!

– А и мудро! – велеа дедовците. – И од најмалите може да се научи нешто.


А немирното ветре пак се врати во планината.

– Ќе израснеш во силен ветар, синко! – рече таткото. – И јас ќе се одморам.

– Златен на мајка! – го пофали и мајката. – Ќе бидеш чудо од ветар. Сега знам што сме родиле. Но биди праведен, а не некој лош и никаков ветар.

Сега и тројцата гледаа кон големиот град. Беше чист. Какви родители – такви деца. Па дури и да се обични ветрови.

Горјан Петрески



ОДГОВОРИ



„Звезда на текстот“

ГАТАНКА

Нема труба, а дува.
Нема тапан, а чука.
Нема кавал, а свири.
Не го викаш, а е тука.

1. Кои ликови ги сретна во текстот?

_ _ _ _ _ _ _

_ _ _ _ _ _ _

2. Каде се случува дејството во текстот?

_ _ _ _ _ _ _ _

_ _ _ _ _ _ _ _

3. Што е проблем во текстот?

_ _ _ _ _ _ _ _

_ _ _ _ _ _ _ _

4. Дали проблемот се реши? Како се реши?

_ _ _ _ _ _ _

_ _ _ _ _ _ _

5. Која е пораката од текстот?

_ _ _ _ _ _ _

_ _ _ _ _ _ _

ОПИШИ



НЕМИРНОТО ВЕТРЕ

ГОЛЕМИОТ ГРАД



СОЛЗИТЕ НА ЗЛАТЕСТОТО ОБЛАЧЕ

Едно малечко златесто облаче полека пловеше по најширокатa улица на небото. Пловеше и гледаше долу, кон земјата.

Беше пролет и дрвјата носеа шарени наметки.

Многу убави и чудни работи виде и чу малечкото златесто облаче. Поради тоа беше насмеано и весело мавташе со своите прозирни крилца, поздравувајќи ја пролетта и нејзините убавини.

Но облачето забележа и едно мало, сино славејче. Застанато на расцветан глог, тоа во занес ги лееше најубавите звуци од својата пролетна песна.

Во тој миг кон песнопоецот се устреми јастреб и го зграпчи.

Ах, каков таговен крик се откина од малото срце на славејчето.

– Чр, чрр... – само тоа успеа да го каже невината птица.

И крај.

Тага го притисна срцето на облачето.

Оф, леле, колкава неправда!– рече тоа и од жал за птицата заплака.

Видое Подгорец






ГАТАНКА

И дење и ноќе по небото шета,
често го покрива сводот цел.
Дожд, снег, град, тој во себе чува,
некогаш е сив, а некогаш бел.

ОДГОВОРИ



- За што се зборува во овој текст?
- Кога се случува дејството?
- Каде се случува дејството?
- Како се чувствувало златестото облаче на почетокот, а како на крајот од текстот? Зошто?
- Кои чувства ги побуди овој текст кај тебе?



Биди автор и промени го крајот на расказот! Прераскажи го расказот во својата тетратка со променет крај.



БИДИ КРЕАТИВЕН

Грижи се за птиците!
Во зимските денови не заборавај да им оставаш храна!
Изработи куќичка за птици од природни материјали.



Нацртај како ја замислуваш куќичката за птици што би сакал да ја направиш!

ПОДАРОК ЗА МАМА

Ќе ја скинам сината темјанушка,
ќе земам ластовичини крилја,
ќе го зајмам гласот
од славејчето мило,
ќе го симнам виножитото
и ѕвездите од синилото,
ќе ја соберам нежноста
и свежината на зеленилото
и со мојата малечка рака
ќе наберам многу цвеќиња,
за да ти исплетам венец, мамо,
венец, наречен – **среќа!**
Ќе го исплетам со љубов
и со желби само
и ќе ти го подарам –
за твојот празник, мамо!




Фејзи Бојку

ОДГОВОРИ



- Кој празник се опејува во песната?
- Колку вкупно стихови содржи песната?
- Пронајди ги римуваните зборови!
- Илустрирај ја песната!



Биди автор и твори за мајката. Употреби ги следниве зборови во своите стихови:
мајчина, сончеви, прегратка, топлина, милно, бдее, зраци, нежност, гали, дарува.



КОЛКУ БОЛИ НАВРЕДАТА

1. На ридот имаше две цреши. Едната беше стара, шуплива, речиси исушена и имаше уште само две гранки. А недалеку од неа растеше друга цреша, млада и витка. Нејзините раскошни гранки ја правеа уште поубава.

2. Еднаш чавката ѝ подвикна на младата цреша:

– Еј, убавице! Зар не ти пречи онаа грда старица?

– Прашај ме нешто поумно чавко! – се навреди дрвото.

А старата цреша не рече ништо. Само горчливо се насмевна во себе и се сети на годините кога и таа беше млада и убава.


3. Но ветрето не можеше да се воздржи.

– А ти, чавко, дали ја сакаш својата мајка? – ја праша.

– Ама прашање! – му се подбиваше таа. – Кој е тој што не ја сака својата мајка?

– Е, затоа, треба помалку да дрдориш!

– А зошто? Што ти пречи тебе сето тоа? – Затоа што старата цреша е нејзината мајка. А и таа некогаш беше најубава на овој рид.



Пред повеќе години една нејзина семка, токму јас ја растркалав малку понастрана... Ете, од неа изникна младото дрво... – раскажуваше ветрето.

4. Чавката како да се засрами и без збор одлета... Но бидејќи беше само обична чавка, таа никогаш не дозна дека навредата боли повеќе и од рана.

Горјан Петревски

ВЕЖБАЈ



- Одреди ги насловот и авторот на расказот.
- Која е темата во овој расказ?
- Кои ликови ги запозна во расказот? Кои се нивните особини?
- Запиши поука од овој расказ!



РАБОТА НА ЧАС

- Забележуваш дека расказот е поделен на четири дела.
- Прочитај го секој дел и предложи поднаслов според неговата содржина.
- Сите заеднички одберете најдобри предлози за сите четири целини.
- Запиши ги поднасловите на деловите во својата тетратка. Тоа ќе биде твојот план за полесно прераскажување.

ВЕЖБАЈ



Прераскажи го расказот според планот што го направивте на часот. Следниот час прочитај го напишаното пред другарчињата. Од нив ќе добиеш аплауз за својот труд.

УБАВ СВЕТ

Месечината и Сонцето,
додека по небото патуваат,
го посребруваат и го позлатуваат.

Морето и езерото,
и планината во далечината
се гордеат со убавината.

А за прекрасните брези
и високите борови,
немам доволно зборови.

Во песнава мора
уште два-три стиха да се стават,
убавиот свет насмеаните деца
уште поубав го прават.



Димитар Алачки

ОДГОВОРИ



- Колку строфи има во песната „Убав свет“?
- Колку вкупно стихови содржи песнава?
- Дали секоја строфа има ист број стихови?
- Опиши како ја разбираш и доживуваш секоја строфа.
- Илустрирај ја секоја строфа од песнава.
- Препиши ја песнава со ракописна латиница.


ИМЕНКИ










Под секоја слика напиши го името на суштествата или на предметите што се претставени.

Што се именува со зборовите што ги напиша под сликите?

Со зборот пиле се именува едно домашно животно. Со зборот маса се именува еден предмет што ни служи во домот. Со зборот банана се именува едно овошје. Со зборот автобус се именува едно превозно средство. Со зборот дожд се именува една појава. Со зборот љубов се именува едно чувство.

Секое суштество, предмет, појава и чувство имаат свое име.



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ


ИМЕНКИ се зборови што именуваат суштества, предмети, појави или нешто што чувствуваме или замислуваме.

ВЕЖБАЈ




Во својата тетратка напиши по пет зборови што именуваат суштества, предмети, појави и чувства.

ОПШТИ ИМЕНКИ









Моливите се различни по боја, форма и по големина, но општо име за сите нив е **молив.**

Сите дрвја различно изгледаат, но општо име за нив е **дрво**.

Јаболката се различни по вкус и боја, но општо име за нив е **јаболко**.

Сите девојчиња се различни по боја на коса, очи, висина, изглед, но имаат заедничко општо име – **девојче.**

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ



ОПШТИ ИМЕНКИ се зборови што именуваат суштества или предмети што имаат заеднички, општи карактеристики.

Општите именки се пишуваат со мала почетна буква, но ако се наоѓаат на почетокот од реченицата, тогаш се пишуваат со голема почетна буква.

ВЕЖБАЈ



Со помош на илустрациите состави пет реченици во кои ќе употребиш општи именки.







Пример: Жолтата птица слета на гранката.


СОПСТВЕНИ ИМЕНКИ



девојче – општа именка
Маја – сопствена именка



мече – општа именка
Сивко – сопствена именка



езеро – општа именка
Охридско Езеро – сопствена именка



планина – општа именка
Галичица – сопствена именка

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ



СОПСТВЕНИТЕ ИМЕНКИ се зборови што именуваат единични предмети и суштества. Сопствените именки секогаш се пишуваат со голема буква.

ВЕЖБАЈ



Пронајди ги и потцртај ги сопствените именки во следниве реченици:

1. Вчера бевме на екскурзија во Прилеп и во Битола.
2. Методија има две кучиња, Шарко и Зарко.
3. Мерита најмногу сака да си игра со својата другарка Ана.
4. Јас живеам покрај реката Вардар.
5. Стефан и Миле беа на летување во Дојран.
6. Од Градската библиотека „Јане Сандански“ ја зедов лектирата „Песни“.

ВЕЖБАЈ



Прочитај го внимателно текстот „Прошетка“, а потоа со црвена боичка потцртај ги сопствените именки, а со сина боичка општите именки.

ПРОШЕТКА

Вчера бевме на прошетка во Велес. Го посетивме градот и вештачкото езеро „Младост“. Со нас понесовме: сендвичи, топки, карти, книги...

Видовме убава природа, многу дрвја, цвеќиња и зеленило.

Иле здогледа зајаче. Ајлин пронајде детелина, а Мила се исплаши од една пчелка што брмчеше околу неа. Во близина се слушаше и песната на птиците и штурчињата. Денот беше волшебен, а на враќање ја видовме и реката Вардар, високите планини и ридови, а поминавме и покрај Градско и Стоби. Секој од нас се чувствуваше задоволно и среќно.

ВЕЖБАЈ



Дадениве зборови прочитај ги внимателно, воочи ги грешките, а потоа препиши ги правилно на определеното место!

Дете, Срце, пробиштип, Молив, Перниче, преспа, гостивар, Шар планина, мавровo, Битола, Преспанско езеро, бистра, Небо, оган, Компјутер, Цвеќе, трева, Авион, струга, брегалница, никола карев, матеа, Јован, фатма, Камион, сашка, Давид, македонија, планини, кавадарци, надица, Ајше, томче, радовиш, Мајка, девојче, Букет, Книга, воз.

СОПСТВЕНИ ИМЕНКИ	ОПШТИ ИМЕНКИ

РОД КАЈ ИМЕНКИТЕ

Разгледај ги илустрацииве!



Што е претставено на нив?

На првата илустрација гледаме домашни животни: коњ, кобила и ждребе. Зборовите со кои ги именуваме овие домашни животни се – **именки**. Но, иако сите три збора се именки, тие се разликуваат меѓу себе. Коњот е мажјак, кобилата женка, а ждребето е нивна рожба (младенче). Затоа именката коњ е од **машки род**, именката кобила од **женски род**, а именката ждребе од **среден род**.

Не само суштествата, туку и предметите имаат род.

На втората илустрација гледаме: молив, книга и пенкало.

Именката молив е од **машки род**, именката книга е од **женски род**, а именката пенкало е од **среден род**.



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Кај именките во македонскиот јазик постојат три рода: **МАШКИ РОД**, **ЖЕНСКИ РОД** и **СРЕДЕН РОД**.

За да откриеш која именка на кој род припаѓа, користи ги зборовите:

овој или **тој**	**машки род**
оваа или **таа**	**женски род**
ова или **тоа**	**среден род**

овој или **тој**	**оваа** или **таа**	**ова** или **тоа**
татко	**баба**	**зајаче**
коњ	**мајка**	**перниче**
човек	**тетратка**	**дете**
линијар	**гума**	**девојче**
стол	**куќа**	**срнче**

КУЧЕТО И ПЕТЕЛОТ

Еднаш се спријателиле кучето и петелот и заедно тргнале на пат. Кога се стемнило, петелот се качил на дрво и таму се сместил, а кучето влегло во шуплината на дното од стеблото. По обичај, петелот во рани зори закукуригал. Го чула лисицата и веднаш дотрчала под дрвото. Почнала да го наговара петелот да слезе озгора, божем сакала да се поздрави со птицата што има толку прекрасен глас. Петелот ѝ одговорил:

– Првин разбуди го вратарот што спие во шуплината на дното од стеблото, а јас ќе слезам кога ќе ми ја отвори вратата.

Лисицата го побарала вратарот, но се појавило кучето, ненадејно скокнало и вчасот ја раскинало.

Езоп



Пронајди ги и потцртај ги именките во басната „Кучето и петелот“. Во тетратката нацртај табела со три колони (машки, женски и среден род), а потоа распореди ги потцртаните именки во точната колона!



БРОЈ КАЈ ИМЕНКИТЕ



Зборот дете е именка од среден род. Тој збор е во **еднина**, бидејќи станува збор за **едно лице** (едно суштество). Зборот книга е именка од женски род. Тој збор е во **еднина**, бидејќи станува збор за **еден** предмет.

Зборот деца е во **множина**, бидејќи станува збор за **повеќе од едно** дете. Зборот книги е во **множина**, бидејќи станува збор за **повеќе од една** книга.



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ



Ако со именката се именува само еден предмет или само едно суштество, таа е во **ЕДНИНА.**

Ако со именката се именуваат повеќе предмети или суштества, таа е во **МНОЖИНА.**

Именките во табелава напиши ги во множина според дадениот пример!

ЕДНИНА	МНОЖИНА
пенкало	пенкала
училница	
верверичка	
јагне	
еж	
волк	
дете	
ученик	
дрво	

И НИЕ НА МАРАТОНОТ

Вчера
ни се оствари сонот.
И јас и мама
на маратонот.

Стартуваме
од плоштадот.
Нашиот центар на
градот.
Не заборавивме,
во ранчето,
шишенце вода
оставивме.

Ќе треба,
километри ќе се
редат.
Сите сме спортска
река.
Долга патека нè чека.



Минуваме по тревници,
патеки
со новите патики,
чекорите се меки.

Имаме и бројчиња
и амблеми.
И селфи. За спомени.
Ќе се согласиме:
– Трчаме колку што
можеме.
Нашите чекори следни,
да не сме последни.

Олимпиското правило
за нас е спортски врв:
– Учествувај,
не мораш да бидеш прв.

Васил Мукаетов

НОВИ ЗБОРОВИ

маратон – атлетска дисциплина, активност што трае долго;
амблем – симбол, ознака со која се обележува нешто.

ОДГОВОРИ



- Колку стихови има во песната?
- Пронајди ги римуваните зборови во песната!
- Дали некогаш си учествувал на маратон во трчање?
- Како го разбираш последниот стих: „Учествувај, не мораш да бидеш прв“.



Истражувај на интернет за маратонот, кога е воведен за првпат, кога е познатиот Скопски маратон и зошто е корисно да се учествува?

Пронајди ги и потцртај ги сите именки во песната „И НИЕ НА МАРАТОНОТ“, а потоа напиши ги во даденава табела во точната колона!

МАШКИ РОД	ЖЕНСКИ РОД	СРЕДЕН РОД



ЧИТАЊЕ ИНФОРМАЦИИ

Прочитај ги информациите од постерот, а потоа одговори на поставените прашања.



- Постерот нè известува за организирање на _____.

- Кој има право на учество?
  а) Сите ученици од 10 до 18-годишна возраст од населбата „Здрав живот“
  б) Сите ученици од 14 до 18-годишна возраст од населбата „Здрав живот“

- Заинтересираните учесници треба да се пријават најдоцна до _____ во _____

- Учесниците ќе добијат:
  а) стартен број и маица б) медал и диплома

- Маратонот ќе се одржи на _____ во _____ часот.

- Што ќе добијат првите тројца учесници?

Откако ги прочитаа информациите од постерот неколку деца решија да се пријават. Пребаруваа на интернет за да добијат повеќе информации за ПАТЕКАТА НА ТРКАТА.

Што дознаа од неа?



- Стартот на маратонот е од улицата _____, а целта е на улицата _____.
- Која улица е најдолга? _____.
- Колку улици имаат должина по 1 km?
  а) 3 б) 4 в) 5 г) 6
- Улицата пред ЦЕЛТА се вика _____.
- Колку километри изнесува вкупната должина на улиците: „Тренинг“, „Труд“, „Среќа“ и „Мотив“? _____.
- Градскиот стадион се наоѓа на улицата _____, а Олимпискиот базен на улицата _____.
- Колку километри изнесува должината на патеката? _____.

По завршувањето на МАРАТОНОТ, на веб-страницата на организаторите беа објавени податоци за бројот на учесници и за нивните постигнати резултати. Дали можеш да ги прочиташ?





- Победникот го истрчал маратонот за _____ минути.

- Сребрен медал добил учесникот што истрчал за _____ мин.
- Третонаградениот учесник постигнал време од _____ мин.


- Вкупно 22 учесници постигнале време од _____ минути, а 36 учесници време од _____ минути.

- Време од 50 до 55 минути постигнале _____ учесници, а време од 60 до 65 минути постигнале _____ учесници.

- Колку учесници трчале повеќе од 70 минути? _____.

- На маратонот учествувале вкупно _____ учесници.
(не заборавај да ги пресметаш и тројцата наградени).

БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ СПОРЕД ВОЗРАСТ



БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ СПОРЕД ПОЛ



- На маратонот учествувале најмногу учесници на _____ -годишна возраст, а најмалку _____-годишна возраст.

- На 18-годишна возраст имало вкупно _____ учесници.
- Колку вкупно учесници биле од 14 и 15-годишна возраст? _____.

- На маратонот учествувале вкупно _____ девојчиња и _____ момчиња.

- Направи проверка дали на сите три графикони вкупниот број учесници е еднаков.

ДИРЕКТЕН И ИНДИРЕКТЕН ГОВОР

Кога си дојде дома Христијан, ја виде својата мајка како го открива платното на кое имаше претставено прекрасен пролетен пејзаж. Штом го виде, веднаш му рече:

„Погледни, каков пејзаж насликав!“

„Не знаев дека толку убав пејзаж можеш да насликаш“, восхитено одговори Христијан.

„Ти благодарам мое најмило!“



- Кај затемнетите реченици мајката и Христијан директно се обраќаат еден на друг. Таквиот говор се нарекува ДИРЕКТЕН ГОВОР.

ВООЧИ

Воочи ја разликата помеѓу речениците напишани во ДИРЕКТЕН И ИНДИРЕКТЕН говор.

Децата радосно извикаа:
– Утре ќе одиме на екскурзија!

Децата радосно извикаа дека утре ќе одат на екскурзија.

Следниве реченици се напишани во директен говор. Размисли и напиши ги во индиректен говор, како во примерот.

- Марија ми рече: „Донеси ми ги очилата!“
- Марија ми рече да ѝ ги донесам очилата.
- Дефне ми рече: „Ми се допаѓа твојата нова чанта“.

_____.

- Онур ме праша: – Зошто не доаѓаш на балет?

_____.

- Наставничката ни рече: „Извадете ги книгите на клупата!“

_____.

ВЕЖБАЈ



Следниве реченици се напишани во индиректен говор. Размисли и напиши ги во директен говор, како во примерот.

- Данче ме праша дали знам да играм кошарка.
- Данче ме праша: „ Знаеш ли да играш кошарка?“
- Бекир ме праша дали знам во колку часот почнува филмот.

_____

- Таа ми кажа дека пред пет дена била во Охрид.

_____

- Мајка ми ме замоли да го оставам телефонот на масата.

_____

ВЕЖБАЈ



Дадени се реченици во директен говор. Запиши ги реченициите во индиректен говор, според примерот!

Ана ми рече: „Те молам, донеси ми чаша топол чај“.
Ана ми рече да ѝ донесам чаша топол чај.

Бојан ми рече: „Ми се допаѓа твојата нова книга“.

_____

Марко ме праша: — Зошто не доаѓаш на балет?

_____

Наставникот ни рече: „Затворете ги тетратките!“

_____

Ајлин ме праша: — Како ја направи куќичката за птици?

_____



ПРВОАПРИЛСКА ШЕГА

И животните во зоолошката градина решија маскенбал да направат. Први април, Денот на шегата и тие да го прослават.

– Јас – зајакот рече – ќе си направам маска на лав. Додека трае Денот на шегата и јас да живеам малку без страв!

Но, веднаш му за'ржи стариот волк:

– Скрати си го, долгоушко, јазикот долг! Ни на шега не сакам ти цар да ми бидеш! А најдобро ќе биде – на маскенбалот да не идеш!

По волкот за збор мајмунот се јави:

– Само еден ден, куме, шегата се слави. Затоа и мислам дека грешиш, брат... Еве, и јас ќе бидам суперакробат.

Мајмунот го поддржа и старата мечка:

– Никој никому не треба да му прави пречка! И јас ќе бидам нешто, ни на сон што не сум била... Ќе носам маска на двогрба камила.

– Супер идеја – ѝ честита нојот. – Никој не треба, нели, да си личи на сојот! Од мене во светот нема поголема птица, а ќе носам маска на итра лисица.

Но, веднаш списка навредената кума лиска:

– Леле, не сум чула поглупава идеја! Дури и јас, еве, ќе пукнам од смеа. Кога ти можеш, ноју, да бидеш шумска сверка, јас ќе бидам ваша – карневалска режисерка.

Секој си направи маска според својот сон. Без маска остана сал мирниот слон, зашто му требаше хартија близу еден тон.

Киро Донев



ОДГОВОРИ




- Колку ликови разговараат во текстот? Наброј ги!
- Обиди се да го замислиш разговорот на животните.
- Потоа, стави се во улога на секое животно и менувај го гласот при читањето.


ВЕЖБАЈ



Пронајди ги и запиши ги реченицата што ги кажуваат:













ПРИДАВКИ

ШАРЕНА

ШАРЕНА **ПЕПЕРУТКА**

НЕЖНА

НЕЖНА **ПЕПЕРУТКА**

УБАВА

УБАВА **ПЕПЕРУТКА**

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ



Зборовите со кои се дообјаснува именката се викаат **ПРИДАВКИ.** Со придавките ги опишуваме предметите, суштествата или тоа што го чувствуваме или замислуваме.

ПРИДАВКИТЕ најлесно се пронаоѓаат со зборовите **КАКОВ, КАКВА, КАКВО, КАКВИ.**

Каква пеперутка? **Шарена** пеперутка.

Каков стол? **Дрвен** стол.

Какви очи? **Сини** очи.

Какво куче? **Мало** куче.

ВЕЖБАЈ



Прочитај го внимателно текстот „Веселко“, а потоа потцртај ги со сина боичка придавките, а со зелена боичка именките што ги дообјаснуваат!

ВЕСЕЛКО

Си живееше едно малечко, весело дете во едно мало и далечно гратче. Тоа им помагаше на сите соседи, во тесната и збиена уличка на крајот од градот. Од рано утро, детето ги развеселуваше сите околу него и затоа сите го викаа – ВЕСЕЛКО. Детето беше секогаш весело, насмеано, трудољубиво и брзо. Тоа беше највеселото дете во тоа мало гратче. Убавото лице му беше насмеано, очите блескави, а усните широко отворени. Обравчињата му беа како црвени, зрели јаболчиња.

ВЕЖБАЈ



Во празните полиња напиши придавки, за да бидат целосни и точни реченициите.

1. _____ птици одлетаа во _____ краишта.
2. Во _____ градина расцвета _____ цвеќе.
3. Учениците играат со _____ јаже.
4. На малиот одмор пеевме _____ песни.
5. _____ пчелка собираше _____ мед.

ВЕЖБАЈ



Поврзи ја именката со придавката што ја дообјаснува!

итра	кобила
сива	вода
зелена	јаболко
црна	слива
студена	лисица
црвено	ластовица

МАЈСКИ ЦВЕТ

Крај поточе мирис лее
еден мајски цвет,
а пчеличка брмчи, пее:
– Дај ми малку мед!

Цветот личен звони, звони
радосен е тој:
Збери, збери, за дечиња
ти од сокот мој!

Таква љубов каде има,
кој на овој свет?
Меѓу мала вредна пчела
и мајскиот цвет.

Видое Подгорец

ОДГОВОРИ



- Колку строфи има во песната „Мајски цвет“?
- Колку вкупно стихови содржи песната?
- Пронајди ги римуваните зборови!
- Објасни како ја разбираш втората строфа!
- Илустрирај ја песната!



Биди автор и состави убави стихови за пролетта, со помош на следниве зборови: волшебна, летна, ластовицата, песни, цвеќиња, строј, рој, мирисливи.

БРОЕВИ

Во градината на чичко Мишко, во првиот ред има десет лалиња, петнаесет зумбули и дваесет и три трендафили. Неговата градина е разнобојна и миризлива. Во вториот ред има посадено четири украсни ели, а во третиот ред има пет бора. Тој секојдневно се грижи градината да биде убава.



Броевите во текстот што се нагласени со зелена боја се **редни броеви**, а броевите што се нагласени со кафеава боја се **главни (основни) броеви.**

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ



БРОЕВИ се зборови со кои се означува точната бројност или редоследот на нештото.

Главни (основни) броеви се броевите: еден, два, три, четири, триесет и пет, триесет и шест, сто дваесет и еден, деветстотини четириесет и осум...

Редни броеви се броевите: прв, втора, трето, четврта, петти, шесто, седма, осми, деветто, петнаесетта, седумнаесетто...

На пример:

- Маја изеде **две** парчиња од питата.
- Тадеј има **шест** мачиња.
- Јас живеам во **шеснаесеттата** куќа од левата страна на улицата.
- Шабан седи на **втората клупа** во **првата** редица.
- Матеа залепи **сто педесет и четири** сликички.

ВЕЖБАЈ



Напиши ги со зборови следниве броеви:

15 _____

48 _____

459 _____

1000 _____

ВЕЖБАЈ



Напиши ги редните броеви со зборови!

4. _____ 9. _____

6. _____ 15. _____

ВЕЖБАЈ



Прочитај ги реченициите и потцртај ги броевите!

а) Во автобусот имаше 38 седишта.
б) На полицата имаше седум книги: првата беше со дебели корици, а седмата со тенки корици.
в) Државни празници се: Осми септември, Единаесетти октомври, Први мај, Дваесет и четврти мај и др.

Размисли и одговори на прашањата!

ВЕЖБАЈ



1. Колку денови има една година?

_____

2. Колку денови има во една седмица?

_____

3. На која клупа седиш во училницата?

_____

4. Колку години има најмладиот член на твоето семејство?

_____

5. Колку минути има во еден час?

_____



НАЈУБАВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

Се собраа група деца од разни краишта на Македонија и поведоа разговор за убавините на нашата сакана татковина.

Првото дете рече:

– Најубави се нашите западни краишта!

Второто рече:

– Најубави се нашите источни краишта!

Третото дете, пак, упорно тврдеше:

– Најубави се нашите северни краишта!

Четвртото изнесе свое мислење:

– Најубави се нашите јужни краишта!

Петтото, пак, истакна:

– Најубави се нашите средишни подрачја, по текот на реката Вардар...

Шестото дете го прекина:

– А нејзините притоки? Нивните извори? Долини? Клисури?

Седмото дете нагласи:

– А рамнините наши? Низините? Висорамнините?

Осмото, пак, не се согласи со нив:

– А ридско-планинските предели? Зар нив треба да ги потцениме?

Деветтото дете заврти со глава:

– Не! Најубави се нашите полиња! Нашите житници! Ниви! Градини! Лозја! Овоштарници!

И, се така, редум, од устите на децата се точеа нивните кажувања:

– Најубави се нашите езера! Нашите туристички центри! Нашите плажи, хотели и одморалишта! Нашите лековити бањи! Минерални води! Воздушни бањи!

– Најубави се нашите шуми! Нашиот разновиден, растителен и животински свет!

– Најубави се нашите културно историски споменици!

– Најубави се нашите национални паркови!

Разговорот на децата траеше долго. Сите сакаа нешто да кажат. Некои дури се јавија по втор и по третпат со свои мислења.



Само Борче цело време слушаше, молчеше и размислуваше. Во еден миг, реши и тој да се вклучи во разговорот.

– Што е најубаво во Македонија! – рече тој.

– Што?! – прашаа сите во еден глас.

– Најубава е Македонија – цела! – одговори Борче. И додаде:

– Затоа што е наша.

Александар Кујунџиски

ОДГОВОРИ



ПРОВЕРИ СЕ!

1. Од кои краишта на нашата татковина се собрале група деца?

а) од јужни краишта в) разни краишта

б) западни краишта г) источни краишта

2. За што повеле разговор тие?


3. Што кажал Борче кога се вклучил во разговорот? Препиши ги неговите реченици со ракописни латинични букви!

4. Какви чувства се побудија кај тебе додека го читаше овој текст?

5. Препиши ги во својата тетратка сите БРОЕВИ што ги сретна во текстот.



Напиши состав на тема:
„Убавините на мојата татковина“.





АВТОБУС

Поминуваат автобуси. Едни луѓе излегуваат, други влегуваат. Брзаат, се туркаат. Автобусите тргнуваат и ги разнесуваат луѓето низ градот: едни на работа, други на училиште, трети дома, четврти на гости... Кој ли ќе знае кој каде оди?

Орде стои и го чека својот автобус. Но како за инает оној автобус што го чека никако не доаѓа. Сите се изредија по неколкупати, и двојки, и тројки, и четворки, а неговата деветка ја нема. Најпосле кон станицата се доближуваат два автобуса. Орде уште оддалеку прочита дека еден од автобусите е деветка.

– Внучко, кои автобуси доаѓаат? – праша една бабичка со торби во рацете.

– Деветка и тројка, бабичке.

– Убав на баба... Помогни ми да се качам во тројката – го замоли старицата. Таа ќе ме однесе токму пред куќа.

Орде ги зеде торбите од бабичката и се стрча кон вториот автобус. По него бавно, накривувајќи, тргна бабичката. Орде ѝ помогна да се качи и ѝ ги подаде торбите. Потоа стрча кон својот автобус. Но деветката веќе ја немаше.

– Го испушти автобусот! – му рече еден чичко што стоеше на станицата.

– Ако, подобро јас да го испуштам, отколку бабичката – рече Орде и продолжи да ја чека следната деветка.

Глигор Поповски



ОДГОВОРИ



- Искажи го своето мислење за расказот „Автобус“.
- Со која реченица е опишана улогата на автобусите?
- Набroј ги редоследно настаните во текстот.
- Објасни што те поучи овој расказ.

ВЕЖБАЈ



Пронајди ги и запиши ги БРОЕВИТЕ од текстот!

_____

_____

ОДГОВОРИ



Опиши ги ликот на Орде и ликот на бабата, така што ќе употребиш придавки. Пишувај ја секоја особина во посебно облаче.



ВЕЖБАЈ



Прераскажи го текстот според дадениов план:
1. Орде чека автобус;
2. Молбата на бабичката;
3. Испуштениот автобус.



МАЧКИНИ ОЧИ

Сте виделе ли како ѝ светат очите на мачката навечер? Некој што не знае дека е мачка може да се исплаши. Но јас не мислам да ви кажувам за мачката. Ја спомнав само затоа што мислам да ви раскажам за едни поинакви мачкини очи.

Една ноќ се возевме со тато. Бевме далеку од градот, на убавиот, широк автопат. Си се возиме, а во темнината, од десна страна светкаат некакви жолти точки. Од другата, пак, црвени.

– Што е тоа што светка, тато? – прашав.


– Тоа се мачкини очи, Билјана – рече тато.

– Мачкини очи! Па зар толку многу мачки има по автопатот?

Татко ми слатко се насмеа, а мене не ми беше јасно зошто се смее.

– Тоа се знаци поставени покрај патот. Ноќе светат, ја одбиваат светлината од фаровите и му покажуваат на возачот до каде е патот. Тие многу помагаат за безбедно возење.

– А зошто се викаат мачкини очи, тато?



– Затоа што светат во темнината, слично на мачкините очи.

Наближувавме кон градот. Некаде ги немаше тие светли точки.

– Тука знаците се уништени – рече тато.

– Некои деца не знаат зошто се поставени, па ги кршат со камења. А не знаат колку ги загрозуваат со тоа животите на патниците.

Глигор Поповски

ОДГОВОРИ



- Кој ја раскажува содржината во овој текст?
- Кој го води разговорот во текстот?
- Каде се случува дејството во текстот?
- Објасни што се „мачкини очи“. Зошто се споредуваат со мачкините очи?
- Што научи од овој текст?
- Прераскажи го текстот.



ГЛАГОЛИ



Разгледај ги илустрациите и одговори што прават децата – какво дејство вршат?

Момчето **свири** на гитара.
Девојчето **црта** цвеќиња.
Ученикот **чита**.
Бојана **игра** фудбал.



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Зборовите со кои се означува дејство се викаат **ГЛАГОЛИ.**
На пример: работи, спие, мие, пее, оди, врне, пие, јаде, лежи, учи, трча, вози и др.

ВЕЖБАЈ



Пронајди ги и потцртај ги глаголите во текстот!

ТЕШКО ПРАШАЊЕ

Снежана, Зага и јас, обично, се одмараме во бавчата, зад куќата. Лежевме по тревата, прелистувавме сликовници, броевме по колку кајсии родила секоја гранка...

Еднаш, Снежана ме погледна право во очи и ме праша:

– Тате, која од нас повеќе ја сакаш? Мене или Зага? И Зага бараше да одговорам на истото прашање. Јас се најдов во тесно, целиот се испотив и реков:

– Не знам да одговорам на тоа тешко прашање.

Тие се насмевнаа, ме бакнаа и започнаа да потскокнуваат околу мене.


Видое Подгорец



Под секоја илустрација има по една реченица. Но реченициte се нецелосни, бидејќи во секоја од нив се изоставени зборовите што означуваат дејство. Напиши ги потребните глаголи на празните линии!



Мила ги _____ рацете.



Надвор _____ силен ветар.



Емре _____ во својот кревет.



Птиците _____ високо.




Состави и напиши пет реченици во кои ќе ги има следниве глаголи: донесе, научи, се насмеа, одмораше и има.



ЈАЗИКОТ НЕ Е ПРЕЧКА ЗА ДОБРО ДРУГАРУВАЊЕ

Оваа сказна се роди во еден лифт. Потоа излезе на улицата и стана голема. Орхан се качи на деветтиот кат. Славчо на седмиот, а Агим на четвртиот кат со лифтот. Секој од нив зборуваше на друг јазик. Но, сепак, се разбираа. И Орхан и Славчо и Агим се смееја. Трите деца имаа слична насмевка. Кога се смеат, на ист начин се смеат децата. Еднаш, за време на одморот, пак се сретнаа.



Во училишниот двор меѓу себе ја поделија ужината. Децата и сега не разговараат на ист јазик, но нивната љубов беше иста.

Кога го напуштија училиштето, на улицата забележаа како едно дете од поголемите деца на опашката од едно маче врзува конзерва. Мачето болно мјаукаше.

– Зошто го правиш тоа? – рече Орхан.

Детето го удри Орхана. Орхан одвај се задржа да не падне на земја. На Славчо и Агим им беше жал. Заплакаа со него. Јазикот не е пречка за добро другарување.

Нецати Зекирија



ОДГОВОРИ



- Која е темата во овој расказ?
- Кои се имињата на ликовите во расказот?
- Зошто децата зборувале на различен јазик?
- Каде се родило нивното другарство? Како продолжило другарството?
- Какви чувства буди кај тебе овој расказ?
- Имаш ли другарче од друга националност? Како се однесувате еден кон друг?



Работи со своето другарче. Пополнете ја табелата според барањата. Бидете внимателни да не изоставите некој збор од текстот.

ИМЕНКИ	ПРИДАВКИ	ГЛАГОЛИ	БРОЕВИ

РАБОТА НА ЧАС


Раскажи усно настан што си го доживеал, а е сличен со некој од настаните што се опишани во текстот!

(На пример, запознавање другар во лифт, стекнување другарство со дете што зборува на друг јазик, непријатна случка со поголеми деца, малтретирање животни и слично).



ДОМАШНА ЗАДАЧА


Прераскажи го текстот во својата тетратка.
Внимавај на редоследот на настаните!



ТИНА И РОНИ

Ова се девојчето Тина и кучето Рони. Нивната приказна е прикажана преку слики. Твоја задача е писмено да ја раскажеш приказната според сликите. Внимавај на редоследот на настаните и на правописните правила.

Донеси заклучок за односот кон животните.

















КИРИЛ И МЕТОДИЈ

Минаа векови долги
и уште многу ќе минат,
вашите имиња светли
никогаш нема да згинат.

Посветли ликови за нас
нема под небесниот свод.
Азбука вие му дадовте
на целиот словенски род.


Вие солунски браќа,
учители наши први,
народот го учевте
со книга напред да врви.

И како сонце светло,
вечно од небо што сјае,
така сред родот словенски
делото ваше ќе трае.

Глигор Поповски



Истражувај на интернет како се викала првата азбука што ја создале браќата Кирил и Методиј. Спореди го писмото од нивната азбука со писмото што го користиме денес.



ОДГОВОРИ



- Што знаеш за Кирил и Методиј?
- Зошто Кирил и Методиј се наречени СВЕТИ БРАЌА?
- Прочитај ја песната за да научиш повеќе за Кирил и Методиј.



БЕЛО ЗЛАТО

Кога ќе расцутам, полето се претвора во килим од жолто-бели цветови. Наесен, кога ќе распупи мојот плод, полето станува бело. Цели плантажи лежат покриени со бело злато! Кој не ја почувствувал мојата топлина врз себе?

Од моите нежни бели влакна се добива цврсто предиво од кое, откако ќе се исткае и ќе се сошие, се добива здрава, чиста и бела облека. Речиси сета ваша долна облека е направена од мене. Секој што облекол памучна поткошула, кошула или чорапи, веќе знае колку пријатно се чувствува, зашто за разлика од волнената, памучната облека ја впива потта од телото и му ја зачувува свежината. Доволно е да се изговори само еден збор – ПАМУК... и секој ќе рече:

– Памукот е бело злато! Ако не е тој, веднаш треба да се затворат сите текстилни фабрики – предилниците, ткајачниците, шивачниците. Ајде, погледни ја својата облека. Јас сум на неа со една задача: да те згреам, да го чувам твоето тело од ветар, студ и мраз.

Киро Донев

ОДГОВОРИ



1. Што е опишано во овој текст?
2. Што се случува кога ќе расцути белото злато? Заокружи го точниот одговор:

а) Полето се претвора во килим од жолто-бели цветови.

б) Полето станува бело.



3. Нумерирај ги реченициве по редослед според дадените чекори во текстот.

☐ Се добива здрава, чиста и бела облека.

☐ Ќе се исткае и ќе се сошие.

☐ Од моите нежни бели влакна се добива цврсто предиво.

4. Памучната облека за разлика од волнената ја впива потта од телото. Заокружи!

ДА НЕ

5. Како ја разбираш реченицава: „Памукот е бело злато“?

6. Истражувај и напиши во тетратката, на кој начин луѓето во минатото ја создавале облеката, а на кој начин во денешно време.

7. Колку расказни, колку прашални, а колку извични реченици има во текстот „Бело злато“?

ПРЕДЛОГ-ТЕХНИКА: ПЕТОРЕД

Наслов (именка)

Памук

Опис (две придавки)

_____ _____

Дејство (глаголи)

_____ _____ _____

Фраза од четири збора _____

Повторен приказ на суштината (поврзана со насловот)


_____

МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

ВЛИЈАНИЕ НА МЕДИУМИТЕ

Речиси секое дете има омилени детски серии, емисии, цртани или анимирани филмови што ги гледа на телевизија или, пак, омилени игри што ги игра на паметните уреди.

Тие содржини се нарекуваат МЕДИУМСКИ СОДРЖИНИ.




Но дали секоја медиумска содржина што се следи на телевизија или се игра на компјутер, таблет или паметен телефон позитивно влијае врз децата и возрасните?



На следниве неколку слики од цртани филмови се прикажани ликови или ситуации што може да имаат позитивно или негативно влијание врз тој што ги гледа.

До секоја слика означи со ☺ доколку ти буди позитивни чувства или со ☹ доколку ти буди негативни чувства.



ОДГОВОРИ



Децата на сликите играат **видеоигри**. Некои игри се **поучни и забавни**, а некои содржат **насилство** и немаат никаква воспитна цел. Според изразот на нивното лице, каков тип игри игра секое од двете деца? Образложи!



ОДГОВОРИ




Според тебе кои од понудените игри ги игра секое од децата? Поврзи ја секоја сликичка со едно од двете деца. Потоа образложи го своето решение.



















Што можеме да заклучиме од овие две вежби?

Медиумските содржини може да предизвикуваат различни емоции кај корисникот. Наброј неколку емоции што се јавуваат најчесто.



Лео Тео

Лео и Тео се близнаци. Тие сакале да истражат која паста за заби е најдобра за деца на осумгодишна возраст. Решиле да пребаруваат на интернет. Пребарувале од различни уреди. Лео од таблет, а Тео од паметен телефон. Разгледале повеќе реклами.

Лео: Јас открив дека најдобра паста за заби е ФРЕШ-ДЕНТ!

Тео: А јас, пак, открив дека најдобра е пастата ДЕНТА-ФРЕШ!

ФРЕШ-ДЕНТ е единствената паста што ги штити вашите заби 24 часа!





Употребувајте ДЕНТА-ФРЕШ двапати дневно и вашите заби ќе бидат здрави и бели!

Лео и Тео си ги разменile уредите за да ги споредат добиените резултати. Веднаш забележале дека станува збор за истата паста за заби, но со различни имиња и со различен опис.

ОДГОВОРИ



Според тебе, која паста за заби повеќе ќе се продава? Образложи го своето мислење. Дали секоја реклама е вистинита? Дали им веруваш на сите реклами?

Рекламите се вид медиумски содржини што имаат цел да ги истакнат позитивните страни на одреден производ заради добивање некаква корист, а негативните страни најчесто се занемаруваат и не се споменуваат.



Само една капка и кажете им збогум на флеките!



За да биде чиста вашата коса.



За секоја боја и за секој материјал! Пере и во ладна вода! Најдобар од сите детергенти за перење облека!




Вашата облека ќе мириса и по два месеца!

Која негативна работа не е истакната кај сите овие реклами за хемиски производи?

Обиди се да препознаеш кои од наведениве медиумски содржини се невистинити или имаат цел да создадат лажна слика.


ВЕСНИК


ВАЖНА ВЕСТ!



Избегал тигарот од зоолошката градина откако ги нападнал посетителите!
Се молат граѓаните да не ги напуштаат своите домови.

ВАЖНА или ЛАЖНА вест?





ОДГОВОРИ



- Според тебе, која вест е вистинита, а која лажна?
- Зошто мислиш така?
- Која содржина може да предизвика штета кај корисниците?
- Какви може да бидат последиците?

КОРИСТЕЊЕ МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

Означи ги поимите што ги користиш во секојдневната комуникација. Потоа објасни ја нивната употреба! За што служи секој од нив?

паметен уред | апликации за телефон | икони | апликации за паметен уред | емотикони

- Зошто мобилните телефони се нарекуваат паметни телефони?
- Кои други уреди се паметни?
- Кои апликации ги има секој паметен уред и не е потребно дополнително да ги инсталираме?
- Наброј неколку апликации што ги користиш на твојот паметен уред!
- Дали секоја апликација што ја користиш е корисна и безбедна?



Разгледај ги апликациите на дадениот паметен телефон и заокружи ги оние апликации што мислиш дека се корисни и безбедни.



ОДГОВОРИ



Апликации што се дел од паметните уреди (не треба дополнително да се инсталираат) се:

_____

_____

_____

- Именувај ги апликациите што ги знаеш или имаш слушнато за нив и напиши за што најчесто се користат.





















ТРЕБА ДА ЗНАЕШ



Апликациите што се дел од паметните уреди (телефони, таблети) се безбедни за користење. Со помош на нив разговараме по телефон, си испраќаме пораки, гледаме колку е часот, гледаме датуми и денови на календарот, се фотографираме или снимаме, ги зачувуваме тие фотографии/снимки, слушаме музика, гледаме видеоснимки, играме игри...

Внимавај какви апликации инсталираш на уредот што го користиш!

- Како, колку и за што треба да ги користиме паметните уреди? Дали секогаш одговорно ги користиме мобилните телефони?

За секој од наведениве описи **ПРОЦЕНИ** дали укажува на **ОДГОВОРНО** или на **НЕОДГОВОРНО** користење **МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН**!

а) Весна го остава мобилниот телефон далеку од себе додека ја пишува домашната задача.

б) Андреј игра видеоигри најмалку по два часа секој ден.

в) Сашо им пишува пораки на другарите и на другарките за време на часовите.

г) Теодор гледа видеа и пишува пораки за време на ручекот.

д) Емир го користи својот мобилен телефон за да најде податоци што му се потребни за пишување на домашната задача.

ѓ) Матеа користи апликација на својот мобилен за да креира покана за нејзиниот роденден.



Со оваа вежба откри колку знаеш за правилната употреба на мобилниот телефон, а исто така ја сфати и важноста за **ОДГОВОРНОТО** и **СОВЕСНОТО** користење на паметните уреди.

РАЗМИСЛИ И АРГУМЕНТИРАЈ!

Кои се МОЖНИТЕ НЕСАКАНИ ПОСЛЕДИЦИ од НЕОДГОВОРНОТО и НЕСОВЕСНО КОРИСТЕЊЕ на мобилниот телефон? Запиши ги во својата тетратка.

ЗАШТИТА НА МОБИЛНИТЕ ТЕЛЕФОНИ

ОДГОВОРИ



- На кој начин може да ги заштитиме податоците што ги имаме во нашиот мобилен телефон?
- Зошто треба да ги заштитиме податоците што се во нашите уреди?
- Кој треба да има пристап до нашиот паметен уред?



На големиот одмор Денис ѝ го зеде мобилниот телефон на Ева и ја принуди да му ја каже лозинката. Таа одбиваше, но тој ѝ се закани дека ќе измисли некоја „приказна“ за неа и ќе ја каже пред целото одделение за да ја посрамоти. Ева се исплаши и плачејќи му ја кажа лозинката на Денис.

- Што мислиш, зошто Денис сака да ја знае лозинката од телефонот на Ева? Како ја оценуваш неговата постапка?
- Како би се чувствувал/а ако си на местото на Ева? Што би направил/а?

Телефонот на Ева, Денис го даде на својата другарка Лејла. Лејла почна да ѝ пишува пораки со навредлива содржина на Јасна, најдобрата другарка на Ева. Јасна ги чита пораките и плаче, мислејќи дека тие пораки се од нејзината најдобра другарка Ева.



- Како ја оценуваш постапката на Лејла?
- Дискутирајте кои се можните последици од ваквата постапка на Денис и на Лејла.



ТРЕБА ДА ЗНАЕШ

Не ја кажувај лозинката никому, освен на своите родители. Доколку се случи некој да го злоупотреби твојот телефон, веднаш извести ги родителите или некој возрасен.

НИКОГАШ НЕ БАРАЈ ОД НИКОГО ДА ТИ ГИ КАЖУВА СВОИТЕ ЛОЗИНКИ И ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ за да не нарушиш нечие право на приватност.

И најважно, КОМУНИЦИРАЈ ОДГОВОРНО, културно и ненавредливо!

Процени според сликите и писмените описи дали станува збор за **одговорна** или за **неодговорна** комуникација!




Здраво Софи!

Како си?

Супер сум. Имам два билети за вечерашнава театарска претстава „Петар Пан“. Сакаш да појдеме заедно во театар?

Одлично! Ќе се чекаме пред слаткарницата во 17.45 часот. Поздрав!

Здраво бато Максим!



Добро сум. Ти како си?

Секако! Многу убаво од тебе бато!

Договорено. Поздрав!



Баш си за никаде да знаеш!

Што ти е ма тебе?

Поради тебе Маја не ми зборува!

Заради мене!? Ти арна си?

Надуенко еден! Само се перчиш!



Слушај „принцезо“! Откачи се од мене!

Кога се допишува со своите другари и другарки, Ален често употребува емотикони. Дали го разбираш нивното значење? Поврзи го исказот со емотиконот што одговара!



Не сакав да испадне вака...

Леле, како не се сетив?!



Е сега сум навистина лут/а!



Среќен роденден!





Многу сум тажен/тажна.!

Пресрекен/пресрекна сум!





Во својата тетратка нацртај ги емотиконите што најчесто ги користиш и објасни го нивното значење со една реченица.


ПРЕБАРУВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ

ОДГОВОРИ




На што те асоцираат овие слики?







- Според тебе што претставува ИНТЕРНЕТОТ?
- Објасни, според тебе, како функционира ИНТЕРНЕТОТ?
- Како може ИНТЕРНЕТОТ да нуди толку многу можности?
- Што сè може да правиме со помош на ИНТЕРНЕТОТ?
- Обиди се да замислиш како би изгледал светот без ИНТЕРНЕТ.



Мрежно поврзани компјутери во една институција.



Мрежно поврзување низ град.




Мрежно поврзување низ цел свет.

- Пребарај на интернет како фунционира ИНТЕРНЕТОТ! Како ќе го сториш тоа?



1. Твојот паметен уред, лаптоп или компјутер треба да е поврзан со интернет.
2. Отвори го пребарувачот Google.
3. Одбери еден или повеќе клучни зборови поврзани со тоа што ќе го истражуваш.
4. Впиши го клучниот збор во полето за пребарување (search bar), а потоа притисни „enter“.

Доколку бараш фотографии на интернет, треба да ја користиш опцијата слики (Images), а за пребарување видеа (Videos).



ПАМЕТНО КОРИСТИ ИНТЕРНЕТ СО ПАМЕТЕН ТЕЛЕФОН

ОДГОВОРИ



Набroj пет работи што можеш да ги креираш на паметен уред!

1. _____
2. _____
3. _____
4. _____
5. _____

- Прочитај го текстот и спореди дали некоја од работите што ги наброи погоре се споменати во него!



ПРОСЛАВАТА МОЖЕ ДА ПОЧНЕ

Уште кога почна месецот февруари, Елена сè поинтензивно мислеше како да го прослави својот осми роденден. Оваа година сакаше да се подготви подобро од лани. Но најпрвин да ги направи поканите.

- Размисли на кој начин Елена може најбрзо и најкреативно да ги направи роденденските покани?

Штом татко ѝ се појави на вратата, таа веднаш потрча кон него со сјај во сините очи.

– Тато, може ли да направиме роденденски покани за гостите на твојот компјутер? – праша Елена.

– Како не може? Ајде веднаш да ја завршиме таа работа.

– Поканите сакам да бидат шарени, да има на нив нацртана торта со осум свеќички и голем број осум! – рече Елена.

Заедно пребаруваа на интернет слики од шарени балони и роденденски торти. Потоа Елена седна пред компјутерот, а нејзините прстиња се распослаа по тастатурата и за миг ја напиша поканата.



- Зошто Елена пребарувала на интернет со својот татко?
- Како ја замислуваш поканата што ја направиле на компјутерот?



Еве како Елена и татко ѝ ја креирале поканата.

Кои податоци ги содржи? Напиши во облачињата што дознаваме од тоа што е напишано. Следи го примерот.



МЕСТО НА НАСТАНОТ

ВЕЖБАЈ



Обиди се да креираш покана за својот роденден на компјутер или на таблет! Обрни внимание твојата креација да ги содржи сите потребни податоци. Следи го примерот на Елена.

ЈУНИ

Јуни, лето ни носи,
распуст и нозе боси.
Ќе носиме облека лесна,
ќе пееме летна песна.

Летото пак како лани
на летен одмор нас нè кани.
Топло сонце ќе нè грее
секое дете ќе се смее.

На езеро или море ширно
на планина или в село мирно,
сеедно, каде и да одиме
смеата со себе ќе ја водиме.

Другарчето мое на одмор ќе оди,
затоа сега се поздравивме милно,
наесен, во септември,
пак ќе се прегрнеме силно.

Ели Маказлиева


1. Читај ја изразно песната.
2. Препиши ја строфата што најмногу ти се допадна со ракописна латиница во својата тетратка.



ИГРАМЕ И СЕ ПРОВЕРУВАМЕ

Игра за работа во група:
Исечи ја и залепи ја коцката.

Сврти ја коцката. Смисли соодветна реченица за време од 5 секунди.



Игра за работа во група:


Исечи ја и залепи ја коцката.

Сврти ја коцката и раскажи ја приказната што ќе ти се погоди. Биди главниот лик во неа. Можеш да измениш некои делови.




Игра за работа во група: Исечи ја и залепи ја коцката. Секој учесник од групата добива тема по случаен избор.

Усно раскажи доживување на тема што ќе ја добиеш кога ќе ја свртиш коцката.



Игра за работа во парови: Исечи ја и залепи ја коцката.

Сврти ја коцката. Смисли три соодветни зборови за време од 10 секунди. За секој точен збор добиваш 1 поен.




А
Б
Г
Л
а
у